СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од  Третото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 19 март 1998 година

Скопје, март 1998 година

**ОСУМДЕСЕТ И ШЕСТА (86), III ПРОДОЛЖЕНИЕ,**

**ОДРЖАНА НА 19.III.1998 ГОД.**

1.АРСОВСКИ БРАНКО 88
2. АБДИ ФАИК 54
3. ГОШЕВ ТУШЕ 57, 61
4. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 44, 87
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ 17, 80
6. КРСТЕВСКИ ЗОРАН 31, 73
7. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 33, 34
8. МИТРЕВА ИЛИНКА 82
9. НАУМОВСКИ ВАНЕ 78
10. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 91, 93
11. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1, 32 (ЈА ВОДИ СЕДНИЦАТА)
12. ПОПОВСКИ ЉУБОМИР 27
13. ПОПОВСКИ НИКОЛА 63, 76, 77
14. РАМАДАНИ САЛИ 96
15. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 23, 26, 77
16. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР 49, 52
17. ТРПЕНОВСКИ ЈОВАН 34
18. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 47
19. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 71, 84, 86
20. ШАПУРИЌ ЗОРАН 35, 43
21. ШАЌИРИ ХИСНИ 67, 70, 72

РАТИФИКАЦИИ:

Т.14-стр.1; Т.15-стр.3; Т.16-стр.4;
Т.17-стр.6; Т.18-стр.7; Т.19-стр.8;
Т.20-стр.10; Т.21-стр.11; Т.22-стр.14;
Т.23-стр.15; Т.24-стр.16
ХАТЕНТАТ-КОМИСИЈА ОСТАНУВА УШТЕ Т.48
ОСТАНУВА КОГА ЌЕ СЕ СОЗДАДАТ УСЛОВИ

СЕДНИЦАТА НЕ Е ЗАВРШЕНА ПОРАДИ ХХХХ Т.48 !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија,одржана на 19 март 1998 година**

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Тито Петковски претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 86-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Хисен Рамадани, Игнатие Богдановски, Нано Ружин и Димче Настевски ме известија дека од оправдани причини не се во состојба да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Прекинавме кај 14-тата точка.

- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија и стопанска соработка меѓу Македонската Влада и Албанска Влада со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор.(никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

I/2 рд/вц

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за трговија и стопанска соработка меѓу Македонската Влада и Албанска Влада.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

60 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собрането го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали има некој против.

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеника)

Дали има некој против? (не)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Србогодбата за трговија и стопанска соработка меѓу Македонската Влада и Албанска Влада.

I/3

Минуваме на точката 15 -

- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за регулирање на малограничниот сообраќај на лица во пограничната зона со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација за Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за регулирање на малограничниот сообраќај за лица во пограничната зона.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(62 пратеника)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (59 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот да се претресе и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за регулирање на малограничниот сообраќај на лица во пограничната зона.

Минуваме на точката 16

- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за меѓународен превоз на патници и стока во патниот сообраќај, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

I/5

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за меѓународен превоз на патници и стока во патниот сообраќај.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

66 пратеници .

Дали има некој против? (не )

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?. 65 пратеници.

Дали има некој против? (не)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам текстот по предлогот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за меѓународен превоз на патници и стока во патниот сообраќај.

I/6

Минуваме на точката 17

- Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за соработка на полето на ветеринарната медицина со предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон и извештаите на работните тела ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Албанска Влада за соработка на полето на ветеринарната медицина.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? 66 пратеници.

Дали има некој против? (не)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека е усвоен заклучокот.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот меѓу македонската и Албанска Влада за соработка на полето на ветеринарната медицина.

Минуваме на точка 18 -

- Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската и Албанска Влада за взаемна помош и соработка меѓу нивнитеарински органи со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за ратификација на спогодбата меѓу македонската влада и Албанска влада за взаемна помош и соработка меѓу нивните царински органи.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

68 пратеници.

Дали има некој против. (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен е предлогот на оваа седница да се усвои и предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската и Албанска влада за взаемна помош и соработка меѓу нивните царински органи.

Минуваме на точката 19

- Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на заштитата на растенијата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесуваше на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на заштитата на растенијата.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? 67 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претрес и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

67 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

I/10

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам текстот по предлогот на законот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на заштитата на растенијата.

Минуваме на точката 20

- Предлог на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Р. Словенија за соработка на полето на ветеринарната медицина по предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на закон извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Р. Словенија за соработка на полето на ветеринарната медицина.

I/11

Кој е за, молам да крене рака? 67 пратеници.

Има ли некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака. (67 пратеници)

Дали има некој против) (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот меѓу Владата на РМ и Владата на Р. Словенија за соработка на полето на ветеринарната медицина.

Минуваме на точката 21.

Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за репрограмираше на македонскиот долг кон Јапонија со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за репрограмирање на македонскиот долг кон Јапонија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (67 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака. (61 пратеник)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот интерес

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (нема)

Дали има некој воздржан? (не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот за репрограмирање на македонскиот долг кон Јапонија.

II/1.- ЛП-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Преминуваме на 22-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за помирување и арбитража во рамките на ОБСЕ, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за помирување и арбитража во рамките на ОБСЕ.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

II/2.-

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за помирување и арбитража во рамките на ОБСЕ.

Преминуваме на 23-та точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка и трговија меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка и трговија меѓу Македонската Влада и Владата на Република Полска.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

71 пратеник гласаше за.

II/3.-

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

72 пратеници гласаа за.

Дали некој има против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека во Собранието го донесе законот за ратификација на Спогодбата за стопанска соработка и трговија меѓу Македонската влада и Владата на Република Полска.

Преминуваме на 24-та точка - Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за испитување на состојбите за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со извршениот атентат врз претседателот на Републиката г-дин Киро Глигоров.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани дами и господа, денес повторно се навраќаме на атентатот што беше извршен врз претседателот на Републиката пред нешто помалку од двеипол години. Атентатот како терористички акт, чија цел беше физичка ликвидација на претседателот на Републиката не беше насочен само кон личноста на господин Глигоров, туку кон институцијата претседател на Републиката и заради тоа беше терористички акт насочен врз суверенитетот, независноста и интегритетот на државата. Затоа, тој беше осуден од мнозинството граѓани, од политичките партии, невладините организации и здруженија на граѓани, од верските заедници, од многу видни светски државници, а по тој повод Собранието на РМ на 5 октомври 1995 година донесе посебна Декларација.

Со Декларацијата Собранието на РМ изрази надеж дека надлежните органи брзо и ефикасно ќе ја спроведат истрагата и благовремено ќе ги откријат организаторите, наредбодавците и извршителите на тој опасен терористички чин.

Ова е трет обид на ЛДП за кандидирање на оваа тема за расправа во Собранието. Првиот обид беше во март 1996 година, на 6 месеци после атентатот, беше неуспешен, бидејќи од страна на пратеничката група на СДСМ не беше прифатен предлогот за основање на Анкетна комисија со предложениот состав. Со тоа наместо да и се даде импулс и енергија на веќе замрената истрага, се создадоа услови времето постепено да ги брише трагите на инспираторите, организаторите и извршителите на атентатот.

II/5.-

Вториот обид беше 8 месеци по атентатот кога Пратеничката група на тогаш Либералната партија, имајќи ја предвид јаловоста на истрагата побара од Владата на РМ информација за текот и резултатите од истрагата за атентатот врз претседателот на Републиката, но наместо тоа Владата на Собранието му достави, цитирам, "информација за преземените мерки и активности на Министерството за внатрешни работи за откривање на организаторите и извршителите на антенатот врз претседателот на Републиката". Но пратеничката група на тогаш Либералната партија, незадоволна од информацијата, побара Владата да достави друга информација, што по својата содржина ќе овозможи плодна расправа на Собранието и со тоа ќе помогне да заживее истрагата и да се зголеми нејзината ефикасност.

Тогашната информација всушност претставуваше синтетизиран текст на сувопарни и статистички податоци за активностите што ги презело Министерството за внатрешни работи, а воопшто не се дадени никакви информации ниту констатации или оценки на Владата за тоа по кое е водена истрагата, дали се преземени благовремено сите потребни активности од надлежните органи, дали надлежните органи што според законот треба да ја водат истрагата биле вклучени, со кои интензитет, на каков начин, дали Владата е задоволна од сето тоа, како и за тоа дали Владата расправала за истото и какви се нејзините оценки. Но до денес Владата не достави таква информација, а истрагата е и натаму веројатно политички блокирана и за тоа јалова, со што се искажува немоќта на државните органи да се борат против мрежата на инспираторите, организаторите и извршителите на атентатот.

Оваа иницијатива на Пратеничката група на ЛДП е трета по ред. Иако во јавно изречените изјави на одговорни луѓе од СДСМ беа изречени оценки и квалификации,од што може да се извлече заклучок дека и оваа иницијатива нема да биде поддржана, јас би сакал да верувам дека пратениците од СДС не мислат така. Ве молам, и

апелирам до Вас да ги отфрлите сите квалификации дека иницијативата е мотивирана од политички и маркетиншки цели во пресрет на парламентарните избори. Ве уверувам дека тоа е конструкција на поединци, кои не гледаат подалку од својот нос, кои не можат да направат разлика помеѓу темите каде што партиите треба на фер-плеј односи да се натпреваруваат со подобри идеи и темите кои се од високо политичко и безбедносно значење на земјата, како што е атентатот.

Затоа, ве повикувам да ја прифатите одлуката за основање на анкетна комисија. Со тоа ќе придонесеме да оживее истрагата и да се зголеми ефикасноста. Собранието како претставнички орган на граѓаните на Македонија треба и мора да има увид во тоа како функционирале надлежните органи во истрагата, а со тоа ќе го изразиме нашето чувство на одговорност во расчистувањето на проблемите на кои наидува истрагата.

Собранието на РМ со донесувањето на Декларацијата против тероризмот неодамна, со оглед на тоа што повеќе терористички акти се случија, почнувајќи од атентатот врз претседателот на Републиката убиства и други форми на тежок криминал останаа нерасветлени во подолг период, побара надлежните државни органи максимално да ги засилат своите активности и да ја зголемат својата ефикасност во откривањето на сторителите на актите и нивно доведување пред лицето на правдата.

Затоа, сметам дека е многу важно Анкетната комисија да ги утврди фактите за тоа кои од надлежните органи какви мерки презел, или пропуштил да преземе и со што придонел за досегашната апсурдна ситуација на политичка и државна немоќ пред креаторите и извршителите на атентатот. Неопходно е да се изнесат сите факти од работата на Комисијата во полицијата, надлежната служба во Армијата на Република Македонија, но и за активностите на истражниот судија, Јавното обвинителство, Советот за безбедност и Владата на РМ.

II/7.-

Затоа, Комисијата треба да се задолжи да остварa разговори особено со тогашниот и сегашниот министер за внатрешни работи, тогашниот и сегашниот министер за одбрана, тогашниот и сегашниот министер за правда, Јавниот обвинител на РМ, тогашниот и сегашниот истражен судија и останатите членови на Советот за безбедност на Република Македонија од претходниот и сегашниот состав.

Со утврдување на фактите пратениците и јавноста ќе можат да согледаат и да извлечат заклучоци како дејствувале надлежните органи како биле раководени, колку се способни и оспособени и кои мерки треба да бидат преземени за зголемување на личната сигурност и безбедност на граѓаните на земјата.

Комисијата, меѓу другото, треба да ги утврди фактите за следните состојби:

1. Дали надлежните органи извршиле соодветни проверки на "белото фиќо" и кога и дали лицата кои се наоѓале во него се претресени и испитани.

2. Зошто не е наредено веднаш да биде блокиран квартот каде што е извршен атентатот, дали истражниот судија утврдил кој е одговорен што не е издадена таква наредба, со што е овозможено извршителот на атентантот да избега и дали за тоа го известил Јавниот обвинител. Како Јавниот обвинител го оквалификувал тој пропуст и што презел против одговорното лице.

3. Кој наредил веднаш по атентатот да се однесе возилото на претседателот, како и автомобилот бомба од местото на атентатот, каков е наодот во врска со тоа во записникот на истражниот судија, како за тоа го известил Јавниот обвинител и што тој презел против одговорните лица кои ја издале и спровеле таа наредба.

4. Зошто се уште не е објавен фото-роботот на жената што го паркирала возилото "Ами-8" на местото каде што беше извршен атентатот, дали истражниот судија утврдил кој го направил тој пропуст, дали го известил Јавниот обвинител и што тој презел против одговорните лица.

II/8.-

5. Дали истражниот судија го испитал поранешниот министер за внатрешни работи за да утврди дали ја зборувал вистината во изнесената изјава на ПРЕС-конференцијата на 26.10.1995 година или утврдил дека изјавата не е вистинита и со тоа истрагата е одведена на погрешен пат, дали за тоа го известил Обвинителството и што тоа презело.

Да ве потсетам, во таа изјава на г-динот Фрчковски беше речено:

"Мултинационална финансиско - економска групација со седиште во една соседна земја е вмешана во организацијата на атентатот врз претседателот Глигоров што се случи на-3 октомври во Скопје. Нејзин човек чие име и е познато на истрагата, на 28 септември годинава дошол во Република Македонија и во објект на периферијата на Скопје го формирал експлозивот што е употребен во атентатот. Во тоа му помагале извршители од нашата земја. Ден по тоа организаторот ја напуштил Македонија. Министерството за внатрешни работи очекува да открие некои од извршителите и да ја потврди врската со организаторот, по што Македонија ќе побара негова екстрадиција."

6. Кој ги пушти во оптек информациите или дезинформациите дека луѓето од МВР трагаат по двајца луѓе со темни тегет одела, со бради и дека ги бркаат кон излезот на Скопје, што индиректно асоцираше на вмешаност на одредена политичка партија до Македонија.

7. Зошто поранешниот министер за одбрана, г-динот Благој Ханџиски не ја известил Владата на РМ, а Владата не ги извести пратениците преку својата информација од јули 1996 година за грабежот на експлозивот и зољите од магацините на воената полиција на Министерството за одбрана и дозволи тие информации да бидат многу подоцна пласирани во јавноста. Треба да се утврди кои биле мотивите за прикриваше на овој

податок, каква штета е направена, какви се оценките за тоа на Владата и што за тоа презел Јавниот обвинител.

II/9.-

Ќе ви цитирам еден дел од информацијата што ја спомнав од јули 1996 година, во која се вели дека "се обезбедени податоци за сите правни лица во Републиката кои користат експлозив за стопански цели како и за влез и излез на експлозивот во евиденционите книги. Во рудникот Р'жаново е утврден недостаток на експлозив, амониум нитрат, во количина од 192 килограми и истиот недостаток подоцна е компензиран од страна на странска фирма која изведува минерски работи во рудникот. Притоа се извршени оперативни проверки за сите лица вработени во претпријатијата, а со ракувачите се извршени информативни разговори, но се добиени сознанија за можноста овој експлозив да биде употребен во атентатот на претседателот".

Значи тогаш Министерството за внатрешни работи ни соопшти податоци за недостаток на експлозии од некој рудник, а не кажа дека од Министерството за одбрана недостасува таков експлозив иако подоцна беше јавно презентиран податокот од г-динот Драган Стојменовски, таканаречен "млекце", за учество на 500 лица од Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана во откривањето и расветлувањето на случајот со кражбата на тој експлозив.

8. Дали се точни пласираните информации дека возилото во кое се возел претседателот било претходно украдено од Германија и што за тоа утврдиле надлежните органи.

9. Кои се причините поради кои многу доверливи информации врзани со атентатот многу лесно продираат во јавноста, при што се шпекулира со имињата на неколку многу високи функционери од структурите на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

10. Дали надлежните органи навреме ги презеле сите мерки за да се спречи атентатот, како и за тоа дали биле почитувани и дали сега се почитуваат актите во врска со обезбедувањето.

II/10.-

11. Да се утврди дали имало закани и најави за атентат и дали претседателот Глигоров им укажал на надлежните органи за евен-. туалните закани и најави.

Правен основ за формирање на комисијата е членот 76 од Уставот на Република Македонија, каде е наведено дека Собранието може да основа Анкетна комисија во сите области и за секое прашање од јавен интерес, како и дека наодите на анкетните комисии се основа за поведување постапка за утврдување одговорност за носителите на јавни функции.

Затоа, почитувани пратеници, уште еднаш ве повикувам да ја прифатите оваа одлука. Со тоа ќе овозможиме Собранието да има увид во функционирањето на надлежните органи и ќе овозможиме да заживее истрагата и да се зголеми нејзината ефикасност, изразувајќи го нашето чувство на одговорност во расчистувањето на проблемите на кои наидува истрагата.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господине претседател, почитувани пратеници, почитуван министер, атентатот на г-динот претседател Глигоров како терористички чин беше осуден од сите граѓани на РМ, бидејќи тој фактички преку физичката ликвидација на претседателот на државата беше и атентат насочен кон сите граѓани на Република Македонија.

Ова Собрание на 5.10.1995 година во врска со атентатот донесе посебна декларација, со која се осудува овој акт на тероризам, а воедно се изрази надеж дека надлежните органи ќе спроведат енергична и брза истрага, со што ќе се открие мрежата на инспираторите, организаторите и извршителите на овој акт на тероризам.

II/11.-

Веднаш по настанот од надлежните органи и ресорното министерство уследија многу изјави и конференции со кои се најавуваше дека полицијата располага со индиции односно информации и дека организаторите и извршителите брзо ќе бидат откриени. Изјавите на претходниот министер Фрчковски оставаа впечаток во јавноста дека е прашање на ден и час кога тој ќе се одлучи да го затвори кругот и сите инволвирани во атентатот ќе бидат уапсени. Сега можеме да констатираме врз основа на овие изјави, дека се работи за две работи и тоа: дека информациите и активностите на полицијата биле погрешни или министерот бил погрешно информиран или на тој начин се сакаше јавноста да се залаже, да се дезинформира. И во едниот и во другиот случај резултатите се исти. Нормално, истрагата тапкаше во место. Од време навреме, за да се прикаже во јавноста дека нешто се работи на планот на истрагата, ќе се дадеше налог да се прекопуваат одредени делови на градот, со што се укажуваше дека постои одреден страв и дека службите си ја вршат својата работа. Но сето тоа беше само да се одложи тензијата во јавноста дека нешто се истражува.

Пратеничката група на ЛДП следејќи ги настаните околу истрагата и резултатите од неа, побара од ова Собрание да се формира комисија, која требаше да има увид за тоа како функционирале надлежните органи во самата истрага. Но за жал до тоа не дојде, што на јавноста и е познато. Позицијата во Парламентот не сакаше да прифати комисија на чие чело како претседател ќе биде пратеникот Стојан Андов. Денес одново Пратеничката група на ЛДП бара поддршка од пратениците за формирање на Анкетна комисија, сметајќи дека ќе биде прифатена, со што сите ние ќе изразиме чувство на одговорност за расчистување на проблемите на кои наидува истрагата.

Откако официјално беше доставено ова барање со Предлог одлука во медиумите и во настапите на поединци уследија толкувања кои се однесуваа на тоа дека Комисијата само ќе ја успори работата на надлежните органи, дека во принцип анкетните комисии никогаш не си ја

завршуваат својата работа, дека формирањето на комисијата е само политички маркетинг и затоа што се чекало така долго да, се формира оваа комисија.

III/1/ПЈ/лј

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:** (продолжение)

Јас ќе се обидам на некои од овие размислувања да дадам свое толкување.

Што се однесува за првото, мислам дека Комисијата сметам дека ќе се задржи на утврдување на фактите како функционирале надлежните органи односно што е направено, а што е пропуштено во истрагата. Почнувајќи од разузнавачката служба, Службата за обезбедување на претседаелот, Кабинетот на претседателот а и на тимот од Министерството задолжен за случајот атентат.

Исто така, треба да се утврди дали сите надлежни ги почитувале процедурите во истрагата утврдени со законите или актите на МВР. Сигурен сум дека Комисијата нема да падне во стапица, да се претвори во паралелен орган на полицијата или некаков истражен орган. Не е точно дека анкетните комисии не си ја завршуваат својата работа и како пример, можам да ве потсетам, дека своите работи ги заврдија и се очекува извештај од комисиите за настаните во Гостивар и Комисијата околу јавните набавки, кои наскоро ќе бидат објавени.

Г-до пратеници, крајно невкусно делуваат изјавите и гласините и размислувањата дека се работи за политички маркетинг за се што е врзано со овој атентат. Ќе ги коментирам и изјавите околу тоа, зошто се чекаше пак ЛДП да се појави со барање за формирање на ваква комисија. Мислам дека во меѓувреме од последното барање за формирање на ваква комисија од страна на нашата партија, даваме шанса на другите партии да поднесат вакво барање, да се формира ваква комисија, меѓутоа, за жал тоа не се направи. А, исто така, ја почитуваме и желбата на министерот Чокревски да го оставиме некое време на мир и така тој во мир да ги открие атентаторите. Фактички, истрагата е во длабок мир.

III/2.-

Г-да пратеници, декларацијата која ја донесовме во врска со атентатот на г-динот претседател ќе стане гола изјава доколку не ја поддржиме оваа иницијатива за формирање на анкетната комисија.

На крајот, убеден сум дека Комисијата во рок од дадените три месеци ќе ги утврди сите релевантни факти и на Собранието ќе му достави извештај за состојбите и резултатите од истрагата, што се води во врска со атентатот на г-динот претседател, со предлог на мерки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор, г-дин Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, на самиот почеток сакам да го презентирам ставот на парламентарната група на СДСМ во врска со Предлог одлуката за основање на анкетна комисија за испитување на состојбите за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со атентатот врз претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров на 3 октомври 1995 година.

Оваа предлог одлука за парламентарната група на СДСМ е неприфатлива, што значи дека ќе гласаме против нејзиното усвојување. Меѓутоа, пред да го образложам нашиот став, дозволете една мала дегресија. Имено, СДСМ веднаш по случувањето жестоко го осуди атентатот врз претседателот Глигоров како чин на терористички атак врз нашата држава, врз нејзиниот интегритет и суверенитет, како обид да се ликвидира човекот кој даде и дава несомнен дури би рекол и историски придонес во осамостојувањето на Македонија од бившата заедница по мирен и демократски пат и во нејзиното се поуспешно чекорење како самостојна држава.

За СДСМ атентатот врз претседателот беше и останува обид Р. Македонија да се скршне од патот што самата го одбра, а за сметка на некои туѓи цели и интереси, независно од нивната провиниенција

III/3.-

Да ве потсетам, во тој контекст тогаш и сега бараме атентатот целосно да се расветли и неговите инспиратори и неговите из вршители да бидат санкционирани. Од овој аспект ние немаме ништо против било која иницијатива, предлог и слично, кој навистина би биле насочени кон тоа ова прашање да добие своја конечна завршница. И Повеќе од тоа. СДСМ како доминантна парламентарна и Владина партија има посебен интерес атентатот да биде целосно расветлен. Впрочем, овој наш став го пласиравме јавно овде пред вас, и во една слична пригода, по еден ист ваков повод, ако добро се сеќавам, пред околу две години, поточно во март 1996 година кога од истата парламентарна група беше даден ист ваков предлог. Тогаш парламентарната група на СДСМ зад таквиот предлог застана целосно, што значи не е точно она што беше спомнато од координаторот на ЛДП, сметајќи дека неговите подносители, навистина, имаат искрена желба и цел истрагата за атентатот да добие свој логичен епилог. Што е тоа што сега не мотивира или ако сакате влијаеше во овој момент да се определиме против идејата на ЛДП за формирање анкетна комисија на Собранието на РМ по повод атентатот врз претседателот Глигоров. Во одговорот на вака поставеното прашање, на самиот почеток сакам да потенцирам дека најблаго речено, јас лично се сомневам во добронамерноста на подносителите на оваа предлог одлука. Имено, ако нив навистина им е целта да се добие саканиот резултат од истрагата, тогаш, тие немаше да ја повлечат својата првична иницијатива. А, причините за нејзиното повлекување, според мене, се и одговор на прашањето, дали тие и овој пат се сериозни со овој денешен предлог. Заради вас, овде, а и заради јавноста, да потсетам, дека во таа прилика за претседател на анкетната комисија се предлагаше г-динот Андов на што СДСМ се спротивстави со следново. Во времето на атентатот г-динот Андов беше претседател на Собранието на Република Македонија, кој согласно уставот го заменуваше претседателот на Републиката за времето додека тој беше

оневозможен да ја врши својата функција. Таквото решение за нас тогаш, а и сега наликува на онаа народната, кадија те тужи, кадија те суди. Или, според нашите тогашни, а и сегашни оценки во тој случај, не ќе можеше да се одбегне субјективизмот во работата на анкетната комисија. Затоа, ние тогаш баравме и предлагавме претседател на Комисијата да биде некој друг а не г-динот Андов, и ако навистина се работеше за искреност во намерите ЛДП ќе прифатеше едно такво решение. Меѓутоа, како што ви е познато тие ја повлекоа својата предлог - одлука. Оттука, и моето сомневање дека не е исклучена можноста така да постапат и денес. Таквиот чин, би бил поигрување со еден уставен институт, што не би било ништо чудно кога станува збор за оваа партија на која веќе и станува опсесија да предлага формирање анкетни комисии за се и се што без со тоа да се има конкретни ефекти во однос на уставно дефинираните задачи на анкетната комисија.

Следната причина поради која денес не можеме да прифатиме една таква одлука е актуелниот политички момент, а тоа е само неколку месеци пред одржувањето на третите парламентарни избори. Имено, во земјите со богата и развиена парламентарна демократија и традиција кон кои се стреми Македонија, не се практикува, тука да кажам во предвечерието на парламентарните избори да се покренуваат прашања, освен во исклучителни ситуации кои може да имаат силно влијание и да доведат до необјективност во изборните резултати. Некој од ова би додал, па атентатот врз претседателот на државата е прашање кое длабоко навлегува во виталните државни и национални интереси. Тоа е точно, но, само доколку од тоа некој не сака да прави евтин политички маркетинг и само рекламерство и што би се рекло на сметка на жртвата да оствари политичко профитерство. А, во случајов според оценките на СДСМ се работи токму за тоа.

III/5.-

На еден ваков заклучок не наведуваат и самите подносители на предлог одлуката, кои во ставот 2 на членот 1 предлагаат: "Комисијата во рок од три месеци да му поднесе извештај на Собранието, со Предлог мерки". Ако сега сме веќе во втората половина на март, тоа би значело и Комисијата својата работа треба да ја финишира некаде кон средината на летото, на прагот на изборите. Тоа е период во кој по правило Собранието е во, така да речам, состојба на демисија. И пак да повторам веќе не се бави со прашања кои можат вака или онака да влијаат врз конечниот исход на изборите. Наспроти ова, доколку подносителите на предлог одлуката имале намера да се запознаат со резултатите од досегашниот тек на истрагата, а не да собираат политички поени, таа своја љубопитност можеле да ја задоволат на тој начин што би побарале информација за ова прашање од надлежните органи.

За СДСМ е неприфатлив членот 2 од Предлог одлуката во кој се дефинираат задачите на Анкетната комисија. Онака како што тие се определени, ја изместуваат уставната позиција на Анкетната комисија. Се заговара нејзино претворање во истражен орган, преземање на инге-ренциите на надлежните органи кои ја водат истрагата. Од ова сам по себе се наметнува заклучокот за реалната можност оваа комисија во практиката да ја попречи истрагата. А, суштинскиот интерес на СДСМ е токму обратен. Истрагата да се динамизира. Но, не на штета на нејзиниот квалитет и лично сметам дека таа се одвива во тој правец.

според тоа, да сумирам оваа предлог одлука за мојата парла-ментарна група и за СДСМ во целина е обид за политички маркетинг да се забошоти истрагата. Комисијата да биде истражен орган со што би се суспендирале надлежните органи, што не е дозволиво во услови на правна држава.

На крајот тоа би значело политизирање на овој терористички чин, од чисто теснопартиски, а можеби и лични интереси. Конечно, тоа би значело целосна деградација не само на институтот Анкетна комисија

туку и на правниот систем на државата и ако сакате нејзина компромитација како правна и демократска држава во најшироки рамки.

Оттука, ние се определуваме против оваа предлог одлука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници, на одреден начин овој став на координаторот на пратеничката група на СДСМ се очекуваше. Пред нешто да кажам во врска со предлогот мислам дека е коректно од страна на претседателот на Собранието да ни се соопшти мотивот или неприсуството на повиканите претседателот на Владата и министерот за внатрешни работи, бидејќи тоа беше и основата, колку што се сеќавам вчера оваа точка да ја поместиме за денеска. Така, сега учеството на министерот за надворешни работи не можам баш како непосредено да го поврзам со темава или пак треба да играме асоцијации на таа тема. Сериозноста спрема точката требаше да произлегува и со присуството на овие личности. Бидејќи, колку што се сеќавам, при расправата по информацијата ставот на министерот за внатрешни работи беше дека атентатот му е коска во грло, како што се искажа тогаш, замоли за време, кое на одреден начин кој сметаше дека му е потребно во почетокот на својот мандат за да ги поваќа конците на постапката и истрагата за атентатот. Меѓутоа, ниту времето, ниту владата, ниту јавноста е информирана за она што е тек на истрагата и резултатите од истрагата.

Спротивно од тоа, токму пред во годината на парламентарните избори ние имаме една крајно недефинирана состојба во која токму не формирањето на анкетната комисија и не проработување на институтот на демократска контрола од страна на законодавниот орган врз извршниот орган, ја покажува несигурноста и условите во кои тие парламент

тарни избори ние ги очекуваме. Од тој аспект тие секако не носат демократски поени, ниту внатре, ниту надвор за Република Македонија. Тоа е едниот пристап на проблемот.

Второ, навистина, ме загрижува кога еве да речам со извештајот, што ќе биде исто така на дневен ред околу гостиварските настани, се покажа дека, сепак, институтот на анкетната комисија како еден модел на влијание на парламентот во работата на извршната власт има свој продир, ме загрижува тој ригиден став, кој во основа е недемократски и антипарламентарен, да се одбива иницијатива за формирање на таква анкетна комисија. Особено што анкетната комисија, согласно уставните инференции е на одреден начин и по состав и по се еден парламентарен компромис во однос на интересот на политичките партии во парламентот,  да се интересираат за одредени прашања. Оттука, ме зачудува зошто би требало да се има однос спрема атентатот како спрема прашање на кое треба да се бара информација од надлежното министерство.

Мислам дека повеќе од јасно е на кои позиции стоиме и навистина голем хендикеп политички безбедносен за Република Македонија ќе биде ако по прашањето по атентатот не ги отвориме прашањата вистинските прашања кои на одреден начин долгорочно ја одредуваат демократската судбина на оваа земја.

затоа, мислам дека сепак треба да се формира анкетна комисија и да и се даде тек на активности со рокови и задачи, кои таа според Уставот треба да ги има.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Што се однесува до информацијата зошто не се присутни премиерот и спомнатите министри, јас ве информирам дека тие се уредно информирани, поканети. Вашиот допис е доставен, одлука е на поканетиот дали ќе дојдат или не.

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, почитуван министре се согласувам дека атентатот е терористички акт, кој не беше насочен само против физичка ликвидација на личноста на претседателот односно на г-динот Киро Глгиоров, туку на претседателот на државата односно на нејзините институции и дека имаше за цел да ја дестабилизира, пред се државата, нашата млада сеуште демократија.

Познато е дека скоро сите атентати во светот на државниците, од држави кои што имаат многу поразвиени служби, секакви служби, до крај не се разјаснети. Само да потсетам атентатот на Кенеди, атентатот на Алдо Моро, на Улоф Палме итн. Ние посебно, не верувам дека и постои човек во Македонија кој не сака да биде расветлен овој случај и атентаторите да бидат изведени пред суд.

Меѓутоа, сигурен сум дека и Комисијата нема да биде таа која ќе го расветли случајот, може да расветли до каде е стигнато само истрагата, но сигурен сум, дека тоа нема ништо да придонесе. Ние во првобитниот предлог кој што беше пред една ипол до две години ја поддржавме иницијативата и предложивме пратеник од нашата пратеничка рупа во тој состав, меѓутоа, од познати причини на суите нас таа комисија не се оформи.

IV/1 НН/НД

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:** (Продолжение)

Од досегашните искуства, еве случајот и со Анкетната комисија за Гостивар видовме дека ниедна комисија не може да ја заврши работата за пократок рок од 6 месеци. Неможеме да речеме за месец дена, за два, за три и тн. но за овие три ипол години колку што сме овде не се случило било која комисија што сме ја формираме да ја завршила работата пред 6 месеци. Знаеме по 6 месеци дека ова Собрание ќе биде распуштено. Затоа сега се поставува прашањето што е целта во овој момент. Можеби е поупатно во овој момент да побараме една информација од Министерството за внатрешни работи и од Владата, па потоа да цениме дали ние или другиот состав што ќе дојде исто така никој не го ограничува да формира анкетна комисија

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Јас потребата за расветлување на случајот атентат ја сместувам во сферата на прашањата од политичката природа и затоа моето индивидуално политичко убедување е на страната од потребата за расветлување на политичката природа на атентатот. Ние преку парламентарна контрола да не се залажуваме, јас лично не се залажувам дека ќе навлеземе во длабината на политичко истражните дејствија, ниту тоа пак е задача на парламентарната контрола. Тоа си е работа на стручни и компетентни служби, меѓутоа, еве пак за политичката природа. Зошто сум за тоа? Заради следното:

Па нели после 3-то октомврискиот атентат во Република Македонија натаму се пука. Се пука во Прилеп, се пука во Куманово. Значи 3-то октомврискиот атентат и натаму пука. Имаме продолжен

атентат. Треба ли ова продолжено дејство да се сопре. Не е ли значајно ова продолжено дејство за безбедноста на Република Македонија. Секако дека е значајно.

Една Анкетна комисија како облик на парламентарна контрола што ќе види? Треба да ги погледне законските акти, нормативните акти врз кои што работат надлежните органи,да види на кое ниво, во кои ресори или сектори има затајувања, тоа да го констатира и толку. Не дека Анкетната комисија ќе го пронајде атентаторот или ќе шета по гаражите да бара песок, или ќе врши хемиски анализи на експлозивот. Тоа е една демократска процедура која треба да ги разгледа одредените работи во чувствителниот безбедносен сектор, тоа да го констатира. Грешките таму што се настанати нема да ги поправат парламентарната комисија ниту Парламентот. Ќе си ги поправа органот надлежен што работи таму и што ги спроведува тие нормативни акти, а ние ќе видиме дали актите се добри, кои дејствија се инсифицуенти и треба да бидат инкорпорирани, да укажеме на тие работи и нормално да помогнеме во спречување на серија атентати кои што ја потресуваат политичко-безбедносната состојба на Републиката. Ништо повеќе. Нема никаков елемент на маркетинг. Моето индивидуално политичко убедување не сака да знае за маркетинг по ова прашање пред се за сите нас и ова би било од полза од сите нас без оглед кој го поставил, а пред се од полза за безбедноста на Република Македонија.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседтеле, почитувани пратеници,

Како што беше кажано од овој атентат изминаа веќе две ипол години, а поточно по трети октомври 1995 година измина доста долг период во кој што имаше доволно време да се постигнат одредени резултати доколку беа можни да се постигнат односно доколку беа

ефикасно спроведени сите дејствија. Оттаму нема никакви можности за забелешки кои што ги изнесе координаторот на пратеничката група на СДСМ господинот Љупчо Поповски, дека истрагата по атентатот би била попречувана од оваа Анкетна комисија. Ако веќе евентуално и таа негова теза дека Анкетната комисија би можела да ја попречи истрагата имаше доволно време во кое што истрагата можеше да даде одредени резултати. Но, бидејќи нема одредени резултати очигледно е дека Анкетната комисија воопшто не би можела да ја попречи редовната истрага. Напротив, целта на Анкетната комисија би била, и покрај тоа што некои изразија сомневање да ги задржат тие процеси, како што кажа господинот Трпеновски, а не Анкетната комисија да заземе место на одредените органи во институциите на системот. Не, туку да провери како работеле тие, како некои работи биле спроведени и како биле направени одредени пропусти во работата на одредени органи во врска со спроведување на тие прописи и евентуално да утврди фалинка во тие прописи кои што ја регулираат целата оваа материја. Оттаму улогата на Анкетната комисија би била покрај тоа што би ја расветлил состојбата околу атентатот во изминатиот период би биле сигурно превентивна и во наредниот период. Доколку би се откриле овие пропусти во актите, пропусти во дејствијата и така натаму и доколку тие би се фокусирале во иднина секако дека тие пропусти во дејствијата и во законските и во подзаконските акти би можеле да се отстранат.

Инаку како терористички атентат, атентатот ги загрози мирот и безбедноста на сите граѓани, бидејќи не беше насочен против личноста на господинот претседател, туку и против суверенитетот и независноста на државата. Тој беше осуден од сите политички партии на Македонија,

од здруженијата и од сите граѓани на Република Македонија а еве и сега политичките партии и понатаму продолжуваат во таа осуда на атентатот и сите покажуваат волја односно барање до надлежните органи да се забрза истрагата околу атентатот и да се преземат поенергични мерки. Значи и самото бараше кое што го кажа и координаторот на пратеничката група дека е незадоволен од енергичноста на мерки. Тоа е уште еден аргумент повеќе кој го оправдува основањето, односно формирањето на оваа Анкетна комисија.

Исто така сите кажавме дека целокупната јавност изрази надеж, но и енергичноста бара да се откријат и да се доведат цитирам пред лицето на правдата и примерно казнат извршителите, организаторите и инспираторите на тој дрзок и опасен чин. Тоа и денеска е повторено, па зошто да не придонесеме со формирање на оваа анкета, ова што декларативно се залагаме сите да се обидеме да го спроведеме во дело,односно да се обидеме да ја основаме, формираме оваа анкетна комисија.

Во врска со одредени наоди дека доколку пред две години бил предложен од страна на Пратеничката група на нашата партија господинот Андов како претседател, не ми е јасно за каков субјективизам се работи и како би можел тој субјективно да ја попречи и истрагата, не само работата на Анкетната комисија како претседател, прво кога воопшто не сме му дале прилика да биде член односно претседател на таа комисија и априори некои тврдења изнесуваме, кој навистина нема место да бидат изнесени, посебно овде на оваа говорница.

Меѓутоа, доколку Социјалдемократскиот сојуз се предомисли па повторно бара да биде предложен господинот Андов како претседател или како член на оваа комисија нашата пратеничка група е спремна да го измени предлогот и повторно да го предложи господинот Андов за член

IV/5.-

или претседател на оваа анкетна комисија. Така да во тој поглед нема никакви дилеми бидејќи беа искажани прашања, односно можат да се сфатат и како барања зошто сега имаме нов состав на Анкетна комисија.Тука нема никакви предрасуди, некакви дилеми, Пратеничката група н ЛДП може да го измени предлогот за составот, за структурата на Комисијата, посебно за делот кој се однесува на оние членови кои се предложени од страна на ЛДП.

Сите кажавме дека со донесената декларација изразивме надеж дека надлежните органи брзо и ефикасно ќе ја спроведат истрагата и благовремено ќе ги откријат организаторите, наредбодавците и извршителите. Сите сме сведоци дека овие надежи на Собранието со Декларацијата за жал на сите нас не беа остварени. Оттаму, Собранието на Република Македонија, како претставнички орган на граѓаните треба да има увид во тоа како функционираат органите воопшто, а конкретно за овој случај.

Впрочем доколку ја формираме оваа Анкетна комисија за која што повикуваме ние пратениците од ЛДП да гласате за неа почитувани пратеници, со нејзиното формираше ќе изразиме едно чувство на одговорност во расчистување на проблемите на кои наидува истрагата.

Исто така, беше споменато дека и по атентатот за жал продолжуваат акти на тероризмот и покрај декларативните мерки и други мерки кои сме ги преземале, односно сите оние заклучоци кои ги донесе Собранието. Тие акти продолжуваат и оттаму уште еден аргумент повеќе за таа наша загриженост да ја преточиме во дело и да ја формираме Анкетната комисија бидејќи може да се прошират нејзините компетенции и за надлежности во врска со некои други акти на тероризмот.

Со самото донесуваше на Декларацијата која е објавена во Службен весник неодамна со оглед на тоа што има повеќе терористички акти, почнувајќи од атентатот и повеќе други убиства на тежок криминал останаа нерасветлени во подолг период побаравме надлежните органи максимално да ги засилат своите активности и да ја зголемат својата ефикасност во откривање на сторителите на актот и нивното доведување пред лицето на правдата.

Бидејќи тоа не е сторено, една од задачите на таа комисија би била токму тоа да го направи.

Беше споменато од координаторот на пратеничката група на СДСМ дека доколку Комисијата би ги сослушала односно би зела изјави од тогашниот и сегашниот министер за внатрешни работи, тогашниот и сегашниот министер за одбрана, тогашниот и сегашниот министер за правда, јавниот обвинител на Република Македонија, тогашниот и сегашниот истражен судија и останатите членови на Советот на безбедност од претходниот и од сегашниот состав би се поместиле институциите на системот и Комисијата би се претворила во некакво истражно тело, односно во некој орган кој што би вршел истражни дејства и со тоа би ги преземал ингеренциите од надлежните државни органи.

Господа пратеници, како е можно воопшто не само оваа Комисија туку и било која друга анкетна комисија да функционира доколку не ги сослуша одредени луѓе, одредени министери, одредени носители ан тие функции. Нели имавме случај анкетна комисија за Гостивар и беа сослушани повеќе министри, повеќе носители на други јавни функции па со тоа воопшто не се задираше во надлежноста на истражните и другите органи. Нормално е Анкетната комисија да ги сослуша носителите на јавни функции. Незнам зошто чудење на претставникот на СДСМ дека оваа одлука би значела поместување на дејствата односно поместував>е на дејствата надвор од институциите на системот.

Понатаму, беше кажано дека задача на Комисијата би била да утврди дали биле преземени сите мерки од страна на надлежните органи да се спречи атентатот и тоа дали биле почитувани и сега се почитуваат актите во врска со обезбедувањето.

Според она што го слушаме од печатот и сега имаме непочитување на актите во врска со обезбедување. Дали е точно тоа, или не неможеме да тврдиме меѓутоа очигледно дека некој укажува на тоа, па Парламентот да стои настрана од сите тие активности не би било во ред

Како предлагачи ние сметаме дека Комисијата би била составена од 7 члена и структурата на самата комисија е дадена во предлог на одлука, меѓутоа, доколку во поглед на самата структура постојат некои забелешки освен персоналниот состав ние сме спреми и по тоа прашање да разговараме.

Исто така, господинот Поповски рече дека СДСМ има целосен интерес да се расветли случајот, што впрочем го потврдија сите политички партии и оттаму не гледам причина, ние почитувани пратеници да не ја донесеме одлуката за формирање на анкетна комисија бидејќи нави тина верувам дека сите ние затоа не само декларативно туку и суштински се залагаме да се расветли случајот односно да се помогне во расветлување на овој случај.

Беше споменато дека се работи за маркетинг. Доколку се работи за некаков маркетинг, политички самиот тој подносител на Предлогот односно на Иницијативата за формирање на оваа Анкетна комисија доколку негативно би работел тој би си ги трпел негативните ефекти. Незнам сега зошто една политичка партија е загрнжена за евентуалните негативни ефекти врз маркетингот ва друга политичка партија, во конкретен случај за Либерално-демократската партија.

IV/8.-

Доколку бидат позитивни ефекти јавноста ќе оцени кој ќе добие позитивни кој негативни поени. Исто така, доколку Анкетната комисија не работи како што треба секој си го сноси ризикот за тоа. Сега малку би било чудно доколку Социјалдемокретскиот сојуз би бил загрижен за резултатите односно за рејтингот на Либерално демократската партија во врска со формирање на оваа анкетна комисија.

Исто така незнам од каде е таа теза дека формирањето на анкетна комисија би можело да влијае на резултатите на парламентарните избори. Се разбира доколку Анкетната комисија добро си ја обави работата, а внатре има повеќе членови, не само од Либерално-демократската партија, па веројатно доколку таа комисија позитивно ја оцени јавноста нејзината работа, самата работа на анкетната комисија би влијаела позитвнио и позитивниот рејтинг не само на ЛДП туку н' 88 СДСМ. Па ете, И од тој аспект ако се гледаат работите ние навистина не сакаме да гледаме од каков аспект од аспект на политички маркетинг при формирањето на Анкетната комисија. Јавноста ќе оцени неможеме ние да кажеме априори и однапред да се изјаснуваме дали и какви ефекти ќе има формирањето на оваа анкетна комисија.

Впрочем, морам да нагласам почитувани пратеници дека во последно време во јавноста читаме разни текстови во врска со атентатот истрагата околу атентатот, што значи не е пратеничката група на ЛДП и ЛДП како политичка партија, како политички субјект која го актуализира пречесто овој немил настан. Исто така, тоа го прави неколку месеци пред избори и доколку некој друг го прави ние знаеме кој е тој меѓутоа гледаме постојано во сите медиуми се актуализира ова прашање. Се обвинуваат некои лица основано, неосновано. Формирањето на оваа комисија и на тие луѓе би им помогнало бидејќи доколку Комисијата не најде некои елементи би се симнале евентуални напади и клевети врз тие луѓе.

IV/9.-

Исто така еден аргумент повеќе во прилог на формирање на оваа анкетна комисија се изјавите на некои поранешни министри не еден но повеќе од редовите на СДСМ кои што исто така тврдат дека Анкетната комисија и анкетните комисии кои што се формирани треба да утврдат дали се работи за некои клеветнички напади или пак се работи за некои вистински случувања односно како што истакна еден од нив заболеноста на државниот организам.

V/1. -CJ/OM

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:** (Продолжение)

Во тој контекст би напоменал дека едно од улогите на анкетните комисии и оваа Комисија, верувам, би помогнала на некои од тие врз луѓе за кои верувам/повеќето од нив неосновано се фрлаат напади, би помогнало од нивните личности да се симне тој, претпоставуваме сите напад како што тие изјавуваат, неоснован напад.

Што се однесува до самите анкетни комисии беше кажано дека тие не даваат некакви резултати. Па, господо пратеници една од главните придобивки на развиена парламентарна демократија е токму постоењето на овие анкетни комисии. Ние никако не треба да се откажеме од формирање или работење на овие анкетни комисии.

Како што кажаа повеќе пратеници ние сме една млада демократија и во рамките на развојните процеси на нашата демократија би требало да формираме вакви анкетни комисии со што би го забрзале развивањето на демократските процеси кај нас. И, тоа е пракса во сите земји со развиена парламентарна демократија, за вакви случаи да бидат формирани анкетни комисии, а се разбира наредните состави исто така може да продолжат со таа работа. Доколку во периодот од овие два три месеци како што беше спомнато не може да се заврши оваа работа однос- но анкетната комисија не може да ги оствари сите овие задачи, таа работа би ја презел наредниот состав кој би формирал нов анкетна комисија.

Почитувани пратеници, на крајот уште еднаш Ве повикувам да гласате за нашиот предлог за формирање на оваа анкетна комисија и се надевам дека ќе изразите подготвеност да ја поддржите оваа Џини-сикатива со што верувам ќе придонесете во зголемувањето и зајакнуваш на безбедносната состојба во државата, не само по повод овој атеитат туку и во други случаи , како што беше кажано.

Благодарам.

V/2. -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Слободан Даневски .

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, еве и денеска имавме прилика координаторот, другарот Љупчо Поповски ни чита едно измиено четиво и во него да се добие еден општ впечаток дека денеска се врши интерпелација на ЛДП и на нејзината пратеничка група. Во неговото излагање јасно кажа дека СДСМ априори ќе ја одбие оваа иницијатива за формирање на анкетна комисија во врска со атентатот на г-динот претседател, Киро Глигоров. Со тоа кажа дека целата оваа работа е евтин маркетинг, дека ова се работи пред изборите. Ова се поклопува исто со кажувањето на нивната девојка за се, Шекеринова, или како се вика,портпарол, наместо функција сега пее портпарол, исто се поклопи дека ова е евтин маркетинг, дека остануваат уште шест месеци, дека ова се иницијативи, иницијативи, иницијативи сите иницијативи кои ги бараат пратениците од ЛДП се евтин маркетинг, ефтин маркетинг. Ние вчера имавме еден случај, пред самите избори донесовме една одлука овде да се реновираат собраниските сали. Каде ова може да се случи. Се подготвуваат избори , буквално вчера Парламентот е распуштен. Парламентот не може да функционира. Никој овде не кажа како ќе функционира во овој период што доаѓаат изборите. Тоа е маркетинг, а ова не е маркетинг, според демагогијата на другарот Љупчо Поповски.

Низ целото негово обраќање беше кажано дека ете ние дадов- ме иницијатива, се повлековме дека ова не е добро затоа што не е сериозно, во почетокот кога сме нуделе да биде г-динот Андов претседател на анкетната комисија, дека анкетната комисија нема да заврши,

V/3. -

па, општо познато е дека во оваа држава работите се измешани. Она што е извршна власт е над законодавната, она што е законодавна е под судската, така да не ни функционираат многу работи. Ова се прави намерно за да се направи хаос во државата. Знаеме што е тоа хаос. Кога овој Парламент најде сили да не дискутира за безбедносната ситуација во РМ кога гледаме дека целата меѓународна јавност почнувајќи од сите фактори кои значат нешто во меѓународната политика државите САД, Велика Британија, Русија даваат значење, даваат тежина дека нешто се случува во Македонија, т.е. дека нешто се случува на просторите блиску до Македонија, конкретно во Косово, ние најдовме сили да го отфрлимие овој предлог на ЛДП да продискутираме. Зошто? Затоа што актуелната власт немаше одговор. Затоа што не знае што ќе се случи. Работите се испомешани, затоа што не се знае, се водат некои дневни политики, се нема одговор.

Ова прашање мораше да го дискутира Парламентот за безбедносната ситуација во РМ. Гледаме дека секој ден се влошува состојбата во соседната држава. Гледаме дека секој ден гинат луѓе. Ние избегнавме Како ние ќе кажеме дека семе парламент, како ќе кажеме дека работиме, како ќе кажеме дека носиме одлуки кога за битните работи не дискутираме. Поминавме бегло низ настаните за Гостивар, поминавме бегло за октоподот, поминавме бегло за многу , многу важни работи. И, оваа работа се носи како хипотека. Сега ќе ја носиме како хипотека на Ј1ДП затоа што прави ефтин маркетинг. Ова е хипотека на владејачката партија Затоа што во моментот е партија која има апсолутно мнозинство, апсолутна власт и апсолутна одговорност. Таа треба да има сили да ги над- мине овие проблеми затоа што после шест месеци во друг состав ќе биде многу тешка позицијата и на г-динот Бранко и на неговата дружина.

V/4. -

Ќе мора да одговараат. Ова прашање мора да се изведе. Ова мора да се изведе пред светската јавност. Каква држава ние ќе бидеме кога не сака да се дискутира за атентатот на претседателот. Не е направен атентат на претседателот, ова е атентат на сите граѓани, ова е атентат на РМ. И, затоа ова прашање мора да се расчисти, без разлика кои стои зад целата таа работа.

Слушаме разно разни верзии, без разлика кои стои зад оваа работа. Слушаме разно разни верзии преку други обавештајни служби, преку натписи во разни да кажеме, независни , условно кажано независни весници, се спомнуваат разно разни имиња, кои се на висока позиција во СДСМ. Ако тоа е така и ако се докаже која е таа држава што ќе заработува со ова. Која е таа држава кога актуелната власт стои зад целата оваа работа и не сака да го отвори случајот затоа што се чини дека им се познати актерите. Затоа се бега од оваа работа.

Имаше предлог , ми се чини од Социјалистичката партија, ќе бараме една информација. Па колку информации сме барале досега? Колку пратенички прашања , а на ниедно не е одговорено досега. Кога дошол премиерот во парламентот. Јас не се сеќавам. Кој министер дошол. Функцијата пратеник е девалвирана. Сега ние како пратеници треба да поставиме прашање што сме сработиле за овие четири години. Кој може да добие позитивна оценка од сите нас тука пратениците. Бевме машина која гласаше од оваа страна, се што ќе се кажеше. Тоа беше дисциплинирано и завршена работа.

Од оваа тема не може да избега овој парламент. Ќе го носиме ова како хипотека сите, посебно владејачката партија. Бидејќи атентатот не е на г-динот Глигоров, атентатот е врз РМ и врз граѓаните на Република Македонија.

Тоа што претседателот на државата праќа некои импулси дека треба да се разговара , тој сигурно како претседател на државата нема да ги моли пратениците ајде формирајте анкетна комисија заради ова што се случи, сигурно не му дозволува дигнитетот. Блгоречено 5, 6 збора ти праќа г-динот претседател. Тоа се пратени пораки до СДСМ. Нешто релациите им се испомешани, како што се испомешаа картите, и пред претстојните избори нешто не е во ред, релациите не им се добри.

Сигурно ова ќе се каже, времето минува, еве за 5, 6 месеци ќе се симнат маските и ќе видиме кој на која позиција е. Но, убеден сум дека следниот состав на парламентот е не само што ќе направи анкетната комисија туку ќе помогне да се расветлат сите работи во врска со атентатот на г-динот претседател.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-ѓа Трајановска има збор.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господо пратеници, поминаа веќе две години и пет месеци од атентатот на претседателот на РМ г-динот Киро Глигоров кој се случи на 3 октомври 1995 година .ч>Тој чин длабоко ја вознемири македонската јавност , македонскиот народ кој низ векови докажал дека е трпелив и мирољубив народ. Но, и по толку изминато време истрагата во врска со атентатот не е помрдната од мртва точка, само што во изминатиот период граѓаните на РМ беа често пати потресувани и со други убиства и насилства, па страв се вроди во нивните срца. И, токму дискусијата на г-динот Поповски од СДСМ ме поттикна да ја прокоментирам неговата заложба за да не се формира оваа анкетна комисија што всушност е и став на СДСМ т.е. владејачката партија во РМ во моментов.

V/6. –

од што всушност се плаши СДСМ? Ако констатацијата на СДСМ е дека е ова политички маркетинг на Ј1ДП дали со оваа констатација не се лоцира и виновникот во врска со истрагата поврзана со атентатот на претседателот на РМ г-динот Киро Глигоров. Дали власта ги презеде сите потребни чекори во врска со истрагата? Ако е тоа така тогаш со формирањето на оваа анкетна комисија и владеачкиот СДСМ може да поентира, да покаже дека се што било во границите на возможното е преземено, а тоа што нема резултат не е исклучок кој се случува само на нашиве простори. Зошто на ова Собрание му се одзема можноста товарот во врска со истрагата околу атентатот да го симне од својот грб. И, уште нешто повеќе. Неодамнешната изјава на министерот за внатрешни работи г-динот Чокревски за телевизиската куќа А-1 во интервјуто кој рече дека е собран огромен материјал во врска со истрагата околу атентатот, но за сето ова време непостои личност посебно задолжена за водење на истрагата во врска со атентатот, дека е потребна анали- за на целокупниот материјал во врска со истрагата кој би можел да даде и резултати.

Мозаикот можеби ги има сите свои коцкички, потребно е истите внимателно да се вклопат секоја на своето вистинско место. Можеби тогаш ќе се добие јасна слика која ќе го даде одговорот,а во врска со извршителите на атентатот. Токму формирањето на анкетната комисија може да ја обави оваа работа. Зошто тогаш го попречуваме тоа?

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Соколовски

V/7. -

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги очигледно едно вакво суптилно прашање како што е обидот или барањето на ЛДП, на Пратеничката група на ЛДП за формирање на анкетна комисија и испитување на состојбите за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со извршениот атентат не предизвика никакво внимание ниту пак би рекол интерес од претставниците на Владата, посебно од министерот за внатрешни работи г-динот Чокревски, па и премиерот со нивното присуство барем ако не друго да не сослушаат односно да ги сослушаат нашите аргументи зошто пратеничката група на ЛДП по трет пат бара да се формира една ваква комисија.

Сметам дека и последната изјава на г-динот Чокревски, ако се сеќаваме пред овој Парламент, беше дека за него ни треба време пред се да ги собере сите аргументи од досегашната истрага да не запре таа истрага да не преставува една коска во грлото од аспект што како проблем на еден нов министер во тоа време беше врз база на тие аргументи што дотогаш ги знаеше и ги осознаваше со времето, прво ова наше Собрание на база на ова наше барање да изрази едно свое мислење и размислување околу овој проблем кој навистина е клучен проблем во една ваква суптилна, би рекол и невралгична ситуација во која се наоѓа нашата земја, односно опкружувањето.

Поминаа скоро двеипол години од атентатот и морам да кажам дека како и секој атентат штос е случил во светот кој што се случува на претседател на една држава после таа ситуација, се разбира основ- на цел е да се предизвика немир во една држава, внатрешен немир, темелно да се создаде ситуација на нестабилност, да се создаде ситуација на загрозување на независност на една држава или со други зборови на внатрешни немири кои директно би иницирале загрозување на независноста на таа држава. Сметам дека Собранието во тоа време, по

тој атентат од 3 октомври само за два дена се собра овде и донесе декларација со која сите политички субјекти од ова Собрание жестоко го осудија тој атентат и заедно со целата македонска јавност очекуваат најдинамично, најенергично надлежните органи кои се надлежни за испитување и истрага на овој атентат ја презема својата задача односно, што се вели се бават со интензивна работа за откривање пред се на извршителите, организаторите па и инспираторите на тој атентат.

Што се случи? Ние имавме во тоа време една официјална изјава на тогашниот министер за внатрешни работи г-динот Фрчковски на прес-конференција за одредени резултати кои што се постигнаа во текот на тогашната истрага, Вие се сеќавате дека беа изнесени аргументи кои беа стигнати на таа прес-конференција дека многу губи со откривање на извршителите на тој атентат, а тоа подразбира и организаторите и инспираторите исто така, каде што беше кажано дека фалат уште неколку аргументи повеќе тој мозаик да се состави односно јавно да се излезе со официјално соопштение дека најпосле тој случај ќе биде разрешен односно на виделина ќе излезат и извршителите .

Тие изјави во тоа време пред јавноста беа прифатени позитивно, но помина доста време од таа изјава, од таа прес-конференција и видовме дека навистина од тоа ништо не се погоди како точна и официјална иако беше официјална прес-конференција односно тие аргументи што беа изнесени беа апсолутно непотврдени или со други зборови веројатно тоа беше еден можеби неконтролиран излив на некакви свои размислувања на тогашниот министер г-динот Фрчковски.

Овој изминат период од двеипол години покажа дека односно потврди практично дека надлежните служби се немоќни да го решат овој

V/9. -

проблем и нивната работа нивниот интензитет на откривање на овој атентат покажаа дека тие не ја вршат својата функција по некаков редослед на работите да дојдат до некакви резултати, додека има една немоќ да неможат навистина да се откријат тие извршители на еден таков злочин.

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

И она што е нај би рекол во оваа ситуација и за внатрешните па и надворешните прилики кои се случуваат околу нас е тоа што се создава едно мислење во јавноста дека таквите служби навистина се немоќни не само да го откријат овој атентат на претседателот, туку се создава една клима и мислење и размислување дека и сите други терористички акции кои се случија во нашата држава, да пот- сетиме тоа беа во Гостивар, Прилеп, Тетово, Куманово и тн. Се добива чувство во јавноста дека навистина тие служби кои треба да се по редослед на работите и по Уставот и по законите да си ја тераат својата функција како служби кои треба да откријат нешто, не ја вршат својата функција. Сметам дека овој состав на ова Собрание без разлика на другите мислења кои беа изложени по дискусијата по оваа точка, сметам дека имаме обврска и должност како пратеници кои сме избрани од граѓаните да со избор на една ваква анкетна комисија ако не друго барем да започнеме еден процес, тоа е лична наша одговорност како пратеници пред јавноста ова прашање околу атентатот да го поставиме на здрави основи и таа анкетна комисија во најкраток можен рок да ги испита сите факти релевантни, да ги испита сите досегашни би рекол можни аргументи кои постојат, да ги утврди тие факти што ги имаат надлежните служби и да утврди каде, во кои моменти, кои надлежни служби не ја интензивирале својата работа, или потфрлиле во својата функција. Велам ова Собрание и сите ние како пратеници ја имаме таа морална одговорност, бидејќи како слушнав од другата страна дека со одлагање на овој проблем на другиот состав, сметам дека на тој начин можеби нормално ја симнуваме својата одговорност, меѓутоа одговорноста пред граѓаните никако, бидејќи наша обврска како пратеници во ова Собрание е да токму

сега би рекол еве по трет пат, еден обид по трет пат да формираме анкетна  комисија која ќе се зафати најсериозно врз база на аргументи и факти да даде извештај во врска со текот на истрагата за овој атентат . Времето не е ни кратко не е ни предолго до изборите, некој ќе каже тоа е маркетинг. Сметам дека апсолутно тоа не е точно затоа што ние видовме една анкетна комисија која го испитуваше случајот во Гостивар, за настаните во Гостивар, навистина најде снага најде можности да формира еден извештај кој беше прифатен, односно ќе биде на дискусија на ова Собрание, барем прифатен во јавноста како таков. И сметам дека и оваа анкетна комисија има шанса во рок од еден би рекол, најможен краток рок со еден свој извештај да допринесе во квалитетот на работата на ова Собрание. Најпосле ова Собрание, да се потсетиме беше и носител на декларација за бор- ба против тероризмот. Таа е објавена во "Службен весник на РМ"бр.7 од оваа година и секако дека ако веќе како таков состав сме донеле и таква Декларација за борба против тероризмот треба еден ваков акт на тероризам официјално преку една анкетна комисија да го поставиме на дневен ред, односно да се обидеме сите тие факти што досег; се утврдени, или не се утврдени преку оваа Комисија , преку овој извештај да се изнесат во јавноста пред ова Собрание и да се продискутира каде биле тие пропусти на кои органи, почнувајќи се разбира од службите во МВР, па потоа службите во АРМ, па да кажам активностите на истражниот судија, на јавното обвинителство, на Советот за безбедност на Република Македонија па и на Владата на РМ каде, во кои делови од таа истрага од својата професионална работа потфрлиле, односно не си ја извршиле својата функција. Затоа сметам дека треба да гласаме што побрзо да се формира една ваква анкетна комисија за да може да има еден временски период и навистина да донесе позитивни резултати од нивната работа.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Се осеќам навистина многу мал кога на дневен ред е вакво прашање заради тоа што сметам дека едно од најсериозните прашања што досега ни дојдоа овде да расправаме за нив. Кога ме избраа за пратеник моите бирачи се осеќав многу горд што сум пратеник и овде од оваа говорница да го кажам нивниот глас , начинот на кој живеат, начинот на кој треба да живеат, кој треба да им помогне и како оваа држава да излезе од она што јас лично знам врз себеси едно време што се случи со една генерација која што сакаше малку поголема слобода и беше прогласена за анархо либерали. И бев многу среќен на првите парламентарни избори при средбата во Македонската телевизија претставници на сите политички партии да се поздравиме со еден добар колега кој е сега наш амбасадор и да речеме дека ние сме ја доживеале демократијата, се прегрнавме. Дојдов овде, еве по втор пат сум из-бран,со голема гордост влегов во овој Парламент да ги слушам гласо-вите на останатите политички партии за доброите на РМ , за нејзиното признавање заедно со сите вас Тој прв состав, ние што сме биле знаеме дека бевме многу и разочарани и радосни, останувавме и до сабајле до 4,00 часот за поедини прашања. Јас ве молам сите ако сакате да ме сослушате да не се смеете, затоа што не е во корист никому ако на ова прашање не му одадеме значење. Јас сум мал човек, претставувам една мала националност, но во исто време сум полн со горчина заради тоа што морам да ги спојам законите, она за што овде дигам рака и потребите од промената на начинот на живеење, промената на

економијата и подобрите економски , социјални и други права. Се разбора на тој пат на демократијата сите ние што сме овде и тие што се отидени од овде и тие што ќе дојдат ќе се учат да бидат добри демократи. Сите ние се учиме себеси како да не грешиме, заради тоа што порано не сме виделе како изгледа да го почитуваме другиот, како да го ресочуваме државата. Сигурно на некого не му одговаражо тоа најповеќе го осети нашиот претседател Глигоров врз својата кожа. И сега што е многу поинтересно дали разговараме како личност за Киро Глигоров како човек , разговараме за претседател на Република Македонија г-дин Киро Глигоров, разговараме за одредена партиска припадност, или за што друго разговараме? Сигурно разговараме за Суверена самостоја држава Република Макеоднија со сите атрибути која што успеа во овие пет шест години, седум да изгради да речам депократски амбиент кој што беше пофален и некни при посетата на помошникот, и заменикот на секретарот за државни работи на Америка државен секретар на Америка. Тоа беше голема работа. Тие беа големи зборови што ги чувме од тој човек. Ние треба да се гордееме на тие зборови заради тоа што сме успеале со триста маки да створиме она што никој не веруваше дека ќе створиме. Дали пред две години ни требаше некоја граѓанска војна овде во Македонија. Ова прашање секој на себеси треба да си го постави . Јас осетив лично нешто на своја кожа, осетив кога ја нападнаа мојата куќа 2 илјади луѓе заради тоа што некоја ромка беше овде убиена, утепана и тн., наводно истрчала па паднала и умрела. И ако истрчала некој трчал по неа, некој полицаец трчал. Па тоа е причината пак. Но, што е, тоа е и пред мојата куќа 2 илјади луѓе да фрлаат со камења, па дури на локалните избори некој да рече: му ја каменувавме куќата, а требаше да му ја запалиме. Тоа значи физичка ликвидација. Но, па јас викам, јас сум мал човек со голема функција, јас сум член на овој Парламент јас сум пратеник на РМ заради што мојот мандат да го одземе некој се знае според Уставот како може.

Слушајќи ги овие дискусии сигурно јас немам во себеси некоја мисла, верувајте ми, јас сум искрен човек, дека Либералите многу го сакаат г-динот Киро Глигоров, или носителот на суверноста и тн. па затоа го поставуваат овде, или пак ич не го сакаат СДС па затоа не сакаат тоа да биде на дневен ред, или обратното. Јас верувам дека има оправдување и од една и од друга страна, но јас имам 62 години и јас мислам дека ние касно палиме сега. За пет шест месеци ние ќе имаме нови избори. Со што ќе се занимаваме сега. Што ќе даде Анкетната комисија, какви резултати, кои резултати ќе го даде? Никакви. Уште не е расчистено со Кенеди, кој што направил и тој што знаел веднаш бил ликвидиран. Тој што знаеше бил ликвидиран , па зарем мали деца сме, зарем не знаеме? Знаеме с§. Заради тоа да му допуштиме на времето , да им допуштиме и на други- те генерации како поука, нека земат поука од нас, нека земат поука заради тоа што една личност како што е нашиот претседател, зборувам за нашиот претседател Киро Глигоров она што тој претрпе и пред тоа што мораше да трпи овде седејќи , јас позади него седев, да зборуваат, да зборуваат и рече: оставка да дадеш, оставка,оставка. И да се одржи државата, да се одржиме, да ја создадеме државата, Обединетите нации да не стават врз нас чадор, затоа што можеше и до тоа да дојде. Ако не знаете, распрашајте се малку повеќе, а јас верувам дека вие знаете. Ја створивме државата,' ја сочувавме и добро е тоа, добро е лека полека, влегуваме во тие токови. Јас сметам дека не треба меѓу нас да се разбунтуваме по ова прашање заради тоа што му нема ни почеток, ни крај , заради тоа што има уште поголеми случаи отколку нашиот случај што беше. Сега тој што го осети врз себе, тој најповеќе знае , најповеќе тој се испатил, но сепак во демократијата постојат и такви работи , во демократијата постојат и работи кои што можат како искра, една мала искра и веднаш лева, десна

страна и треба пиштолите да ги носиме со себеси, а тоа значи нешто друго, не дај Боже граѓанска војна. Мислам дека не треба вака да постапиме. Ова е, нека ми опростат моите колеги, јас ги респектирам сите, ова е само пример како не- треба да биде, нетреба вака. Времето ќе не измени нас, ќе одмине времето и ќе дојдат нови генерации кои што ќе научат нешто друго, нешто поубаво од нас кои ќе бидат похрабри и поучени и подемократи од нас. Затоа што ние сега станавме домократи. Уште ние неможеме себеси да се превоспитаме да бидеме демократи, ако не повеќе ама еден поголем дел од нас да се разбереме, тоа мора да си го признаеме. Кога ќе дочекаме, а тоа ќе го дочекаме да имаме поголеми демократи од нас што сме ние демократи кога секој на себеси ќе си го постави тоа прашаше, зошто тој човек на толку и толку години даде се од себе, па тоа и тоа му направија, дали на него лично, или на РМ. Јас викам и на него лично заради тоа што на чело стоеше а и на РМ. И едното и другото. Само нека им служи на чест тие што беа на чело, што го направија тоа. А еден ден сигурно ќе се срамат и тие и нивните внуци ќе се срамат од тоа. Јас верувам дека времето ќе ги исфрли на видело. Јас за ова ќе бидам неопределен, ќе се воздржам од гласање.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, денеска нема да прочитам никаков говор, ниту пак сакам да се обрзнам на мислите кои беа искажани тука, затоа што дефакто политичкото борење помеѓу политичките партии во суштина значи опцирање избор на подобрите можности и подобрите решенија што ќе значи и разрешување на сите состојби во земјата од една страна поставувањето на проблемот ќе значи дискусија и разрешување на тој проблем што значи и самото оптирање, предлагањето на решенијата има значење на

стабилизационен фактор на РМ како демократска земја. И оттука ја прифаќам дискусијата да се води како што е и денеска предложено.

Прво, сакам да истакнам дека согласно на членот 76 каде што се дадени ингеренциите на формирање на анкетните комисии никаде не стои дека денеска Владата треба да биде присутна, никаде затоа што тоа е исклучива работа на Собранието и Собранието ја формира таа анкетна комисија. Ингеренциите на Анкетната комисија во суштина се познати на последниот став , наодите и мислењата на Анкетната комисија која ќе ги утврди во постапката која предвидува со одлуката за формирање на самата анкетна комисија се наоди и мислења и осно- ви за поведување на одговорност на носители на јавни функции, но не е исклучено од членот 68 каде Собранието на РМ води политичка контрола над носители на јавни функции кои се одговорни , кои ги бира и кои се одговорни пред Собранието на РМ . Никогаш немојте да ги заборавиме уставните ингеренции и секогаш да одиме преку институтот на јавниот настап, на јавниот говор да ја испомешаме дефакто да ја срушиме правната држава, правното однесување строго формалните постапки кои ги предвидува Уставот и на крај да донесуваме, да утврдуваме погрешни факти и погрешни заклучоци. Што мислам дека никогаш нема да бидат полезни ни за РМ, ниту за сите граѓани кои живеат во РМ. Па оттука неоправдано е кога опозицијата ја повикува Владата и дека таа задолжително треба денеска да рас- права и да стои , тоа е нивно видување , а согласно на Уставот тоа не стои така.

VI/8

Сакам прво да истакнам дека политичката борба, политичкото оптирање не значи ако некој не го прифати предлогот на соодветната опција која се нуди, дека е плашлив. Да истакнам дека дефакто во повеќепартиското уредување ние не само што се разликуваме по име и по презиме присутни тука во Парламентот, ние се разликување по опција по желби, по можности ,а тие можности ни даваат политичка моќ која ни ја дава народот преку бирањето во Парламентот, преку пренесувањето на суверенитетот. И оттука различниот пат на нашата политичка партија, или на нашата пратеничка група од вашиот предлог а ко биде спротивен, тоа не значи дека некој се плаши, дека нашата пратеничка група си има своја опција, свој пат во градењето на уставното уредување и парламентарната демократија, што во случај еве и народот го вреднува СДС 62 пратеника, а опозицијата 20 пратеници што е факт кој не може никогаш да се побие, а и што е факт дека градењето на целокупната опција во правењето на парламентарната демократија на РМ и уставното уредување е исправен , дека РМ до ден денеска има вистински пат и успеа да направи вистинска и парламентарна држава, без разлика на сите критики кои беа упатени.

Сакам сега посебно да истакнам во аргументацијата бидејќи политичката аргументација е само збир на интереси на соодветна политичка опција, а не се дефинирани вредности кои дефакто треба да се вреднуваат. И сега би истакнал одењето на мислата дека партискиот интерес на предлагачот да се истоветува со општиот интерес на државата, а интересот на СДС во моментот на решавањето на случајот со формирањето на таа анкетна комисија да се истоветува и да се разликува од општиот интерес на РМ да се расветли атентатот е крајно погрешно и неаргументирано затоа што сакам после да кажам што следува логички, следува секој доказ посебно да се цени и сите во една логичка целина и да имаме вистински одговор. Еве од кои причини.

Поаѓајќи од ингеренциите на анкетната комисија кој ги има согласно на Уставот а и во предлогот кој вие го предлагате основна цел е на Анкетната комисија за утврдување на факти и аргументи заради вршење на носители на јавни функции заради злоупотреби, погрешно вршење на јавните функции, неуспешно вршење на јавните функции и врз основа на тие наоди и мислења дефакто Собранието да утврди одговорност. Сакам посебно да истакна дека доколку ние не го знаеме сторителот, а му ја знаеме целта, а во правото поради непознавање на умислата неможе да се дефинира кои се крајните цели за постигнување на лицето и на крајот што сакал да постигне со атентатот. Во суштина се приближуваме на две мислења.

VII/1.- П/Х.-СС/МЛ

**ТУШЕ ГОШЕВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

1. Аргументацијата што денеска ќе ја понудите или ја нуди- те за формираше на таа комисија е многу блиска со манипулацијата. Блиска, затоа што со самиот настап на кажување на недокажана аргументација или на неутврдена фактичка состојба, преку строго формалната процедура што предвидува сите процесни закони во Република Македонија, во суштина ќе се приближиме силно на манипулацијата, а манипулацијата ќе значи некој да биде казнет за она што не го сто- рил или не го направил.

Од тие причини сега ќе ја поставиме основната теза.

Како што предлагате во одлуката за предлагање на Анкетна комисија, ако комисијата се формира, за таа комисија ќе е потребно уште 30 дена за закажување на повторна седница на Собранието на Република Македонија, а тоа значи на таа седница да се формира персоналниот состав на таа Анкетна комисија. И, со поминувањето уште на тие 30 дена комисијата да утврди свој метод и работа како ќе постапува, согласно ингеренциите утврдени со Уставот на Република Македонија, а и сите процесни ингеренции што ги даваат процесните закони за утврдување на фактичката состојба, и на таа фактичка состојба имаме логични заклучоци што ќе бидат понудени пред Собранието на Република Македонија, јас мислам дека, од искуството што го имавме од Комисијата за Гостивар, дека оваа анкетна комиси- ја само ќе донесе штета на Република Македонија, во кажување само на гола аргументација, факти, без да се утврди вистинската правилна фактичка состојба за тие аргументи и факти да се подвргнат под материјалното право, за да се примени тоа право, да се каже кој не е виновен или кој е виновен, во суштина ние ќе имаме една перманентна конференција за печат на членовите на таа анкетна комиси- ја во кажувањето на таа недокажана аргументација која може да има поинакво значење.

VII/2.-

Од едно значење да се манипулира со јавното мислење на опозицијата дека е со намера да го задоволи општиот интерес на Република Македонија за докажување кој го стори и од кои причини го сторил атентатот, од една страна.

Од друга страна да формира јавно мислење дека актуелна- та власт не сака или е неспособна да ја утврди фактичката состој- ба и да ги казни сторителите на тоа дело, на атентатот. Мислам де- ка крајно, во ваквата ситуација, ќе ја срушиме од две страни постапката:

Прво, со самиот факт на кажувањето на аргументацијата се- когаш на сторителите ќе ги поучувате секогаш да имаат подобра од- брана. И,

Вториот, преку притисокот на политичката контрола, моќ на Собранието над извршната власт, вие во суштина ќе ја срушите нивната самостојност утврдена со Уставот на Република Македонија, реалното постапување и реалното самостојно вршење на функцијата на сите органи што ги имаат ингеренциите утврдени со Уставот и законите.

Од таа страна Анкетната комисија ќе се претвори, во суштина, во преки суд на казнување на оние луѓе кои не сториле дело од една страна, а од друга страна ќе го манипулирате самото јавно мислење дека сакате да го разрешите проблемот. А, во суштина, никогаш ќе немате валидно решение. Секогаш тоа прашање ќе остане отворено.

Јас, од тука, размислувам не да се преферира соодветен начин или на разрешување, туку сум почесто подготвен надлежните институции на системот, почнувајќи од Јавното обвинителство, истражниот судија, Министерството за внатрешни работи, сите институции што учествуваат во утврдувањето на материјалната вистина во врска со остварување на делото, да ги оставиме до крај да си ја извршат ра-

ботата. А, работата не е така лесна како што мислите вие. Една истрага да се води без да се утврди вистинска материјална вистина и ние, преку политички аргументи ќе ја утврдиме материјалната висти- на. Тоа е огромна грешка во дадениот случај. Тоа само ќе значи притисок на тие органи што ја вршат таа функција.

Сметам дека ваквата одлука во дадениот момент нема да постигне никаква цел, само во суштина ќе ги измешаме работите и ќе им оневозможиме на вистинските органи што учествуваат, се надлежни согласно Уставот и законите да ја утврдат таа материјална вистина, да ја утврдат правата вистина и вистинските сторители да бидат казнети.

Во светот е познато дека ниту еден атентат не е откриен за помалку од пет години. Познато е дека постапката е тешка во утврдувањето на таа материјална вистина. Од тука, мислам на мандат на Собранието за шест месеци, а уште не конституирана таа комисија за што сакаме да ја формираме со таа Одлука, мислам дека само е блед политички маркетинг и обична манипулација без соодветна аргументација, ставање на полувистини и недокажани факти и аргументи за да се манипулира со јавното мислење. Тоа негативно ќе се одрази не само на македонската држава, туку и на сите институции на системот што ја градат правната држава и строгоформалната процедура.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Поповски Никола.

**НИК0Ј1А ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,

Во оваа прилика би сакал, како и обично, да се искажам почитувајќи ја концизноста, јасноста и директното во моето изразување.

VII/4.-

Нема да зборувам за формално-правните и други аспекти за кои претходните говореа, туку сакам директно, по мое видување, прифаќајќи ги во целост двете дискусии од страна на претставниците на мојата пратеничка група да кажам директно што мислам за оваа Иницијатива и за времето во кое е покрената.

Мислам дека е најбитно која е целта на Иницијативата. Иако таа, од искажувањето и од пишаниот текст може замаглено да се прифати како иницијатива со цел да се расветлат настаните, јас, во суштина мислам дека целта е сосема поинаква. Само ќе се навратам, заради континуитет, на ваквата слична иницијатива пред 12-тина месеци.

Тогаш бев еден од оние говорници од страна на СДС кои кажаа дека Комисијата е во ред, дека таа треба да се формира, меѓутоа не може на нејзино чело да биде човек кој во тоа време ја вршеше функцијата на прв човек на државата, кој по функција беше шеф на Советот за безбедност и други функции согласно на Уставот. Не може во исто време, затоа што тој може да биде подреден на условите и на искажувањата од страна на Комисијата. Замоливме како СДС, ако таа околност се промени, за нас Анкетната комисија е прифатлива.

Предлагачот во тоа време ја повлече Иницијативата со што јасно кажа дека целта не била да се основа Анкетна комисија, туку целта била кадровскиот состав да извлече некаква поинаква цел и корист од формирањето на таквата Анкетна комисија.

Сега, по втор пат се најавува формирање на ваква Комисија и би сакал директно да кажам што ова значи.

Знаете, ова малку делува како летање во магла кога предлагачите упорно ни соопштуваат дека тие не знаат дека дефакто доаѓаат изборите. Дека тие, дефакто, не знаат дека Парламентот всушност ќе работи само уште неколку 2-3 месеци и дека имаат некаква висока цел.

Напротив, сметам дека предлагачот е многу свесен за времето во кое што ја предлага, дека во суштина самата Иницијатива е прилагодена на таквото знаење на текот на работите што следат до месец Октомври и дека Иницијативата е само еден фрагмент, еден сегмент од обидот на Ј1ДП да извршат, за свои потреби, инструментализација на Собранието. А, преку оваа Анкетна комисија и инструментализација на Владата, во насока на изборните активности што следат, практично се започнати во последниве шест месеци од мандатот на ова Собрание.

Со таа инструментализација се сака Собранието да се из- влече од својата основна законодавна дејност, да се насочи во работа по цели што се диктираат од страна на предлагачот, а кои што, во основа, се сведуваат во последните месеци на два вида на активности: предлагање или на интерпелации или на анкетни ко- мисии и со тоа, дефакто, законодавниот дом да ја изгуби основна- та законодавна функција.

И покрај ова, со членот 2 или 3, каде што децидно се набројуваат сите кои во тоа време и денес, освен заменикот претседател во тоа време и денеска дека треба да бидат -истражувани и сослушувани од страна на Анкетната комисија, исто така мислам дека има за цел да се инструментализира во последните месеци од работа на овој мандатен состав и Владата, односно оние министри во Владата што се таму наведени. Да се обидат да диктираат нас- тани дури и во органите на управа. Веројатно преку механизмот што после би следел, после прифаќањето на ваквата одлука на Анкетната комисија. А, тоа е свикување на Анкетната комисија секој ден или два, секој ден сослушување по еден од министрите и секој известување на јавноста се

додека не даде резултат во јули, после три месеци, кога во јули ќе се одржи седницата по Извештајот, а со тоа ќе се распушти Собранието.

Практично, следејќи ја таа логика и со неколкуте интепелации што се доставени и неколкуте анкетни комисии што биле или се во фаза на работа на Парламентот, а поттикнати директно од либералната опозиција во Парламентов, всушност се сака целосно да се инструментализира во нивна изборна функција, а да се извлече, ќе повторам, од основната функција на овој Парламент. Па, дури ако сакате и да се диктираат настаните онака како што се посакува.

Се разбира дека тоа не го сметам како што еден од Ј1ДП на оваа говорница истакна за недемократско право, затоа што тоа е уставен инструмент и тоа може да се бара. Меѓутоа, исто така ги отфрла и искажувањата дека е недемократски ако не се прифати оваа Анкетна комисија затоа што формирањето на Анкетна комисија е уставна категорија што може, меѓутоа и не мора да се прифати. Значи, Уставот предвидел дека и прифаќањето и неприфаќањето на Анкетната комисија е демократска институција, е демократска категорија, затоа што Уставот тоа го зацртал. Во спротивно, ние треба да расправаме дека Уставот не е демократски, за што барем во овој Парламент од страна на предлагачот до сега не сме слушнале такви видувања.

Да заклучам, бидејќи реков дека ќе бидам краток и концизен. Сметам дека формирањето на оваа Анкетна комисија во времето кога ја прифативме, во состав што можеше дефакто да биде состав на Анкетната комисија не се прифати затоа што тогаш имаше поинаква цел. Сега се прифаќа затоа што се има поинаква цел, ка- ко што кажав инструментализација на Собранието и Владата и обид за диктирање на настаните до изборите. Затоа сега оценувам дека апсолутно нема никакви услови во последните три месеци од работата на Парламентот

мнозинството во Парламентот да ги прифаќа настаните диктирани од страна на опозицијата на ваков начин. Затоа сметам дека апсолутно нема потреба од гласање за ваква Анкетна комисија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌУРИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници,

Ние, како Парламент знаеме дека атентатот се случил пред две ипол години. Значи, некаде во октомври 1995 година кога Алијансата за Македонија или да кажам Сојузот за Македонија беше во топ форма. Значи, исто така и пратениците од Либерално- демократската партија денеска, а тогаш како пратеници на Либералната партија беа во коалиција со СДСМ.

Што сакам да кажам со ова.

Сите сме сведоци дека, исто така и граѓаните на Република Македонија дека се случил атентатот врз претседателот, господинот Киро Глигоров. Ако е намерата само уште еднаш да се констатира дека се случил атентат, тогаш не е проблем, треба да се формира оваа комисија.

Меѓутоа, имајќи го предвид фактот и многу други аргументи од ова Собрание, за многу други комисии, особено за Анкетната комисија што беше формирана пред шест месеци за гостиварските настани која работи шест месеци и ништо не направила, кога велам ништо не направила, еден извештај, бидејќи сите го имаме тој извештај, го

добивме како материјал од 3-4 страници, таму еден обичен извештај може да направи за половина час секој човек, секој пратеник. А, таа Анкетна комисија работела шест месеци. Констатирала дека на 9 јули во Гостивар се случиле две убиства. Сите граѓани на Република Македонија го знаат тоа дека на 9 јули во Гостивар се случиле две, а после уште еднаш имало еден смртен случај, после 5-6 дена, третата жртва.

Меѓутоа, со ова сакам да кажам дека Анкетната комиси- ја кај нас во овој Парламент го нема тој третман што го имаат многу анкетни комисии во други демократски земји.

Сега, јас, како идеја или како иницијатива на ЛДП не можам да ја отфрлам, бидејќи за овој случај требаше порано Парламентот, исто така и сите други државни институции посериозно да се однесуваат кон овој случај. Меѓутоа, одговорноста не треба да се бара, особено во овој случај, од нас пратениците на Пратеничката група на ДПА бидејќи ние не знаеме за овој случај. Искрено ви кажувам. А, ако треба да се бара нешто ново, да се сервира на овој Парламент, на овие пратеници, тоа треба да се побара исто така и од ЛДП, бидејќи тогаш и вие бевте во коалиција. Имавте претседател на Парламентот, имавте исто така и претставници министри во Владата. Зошто до сега се одолжил овој проблем.

Јас очекувам од оваа иницијатива да слушнам поконкретно за оваа работа, со конкретни предлози да излезат пратениците од ЛДП. Слушајќи ги сите дискусии, јас добив впечаток дека некои работи што јас ги читав во новините, тука само се повторуваат. Ништо ново.

Зошто ова сега се прави?

до колку е намера да се формира Анкетна комисија, нека се формира.

Што ќе работи?

Ние сме при крајот на мандатот. Јас, исто така сум должен да кажам и тоа дека овој Парламент, бидејќи не го расветлил овој случај до сега, нема смисла веќе да се занимава со оваа работа. Дај, да оставиме на другиот Парламент после шест месеци нека се занимава. Стварно, сериозно нека се занимава.

VIII/1/РД/МП

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (продолжение)

Бидејќи вака како што ние бараме, проблемот изгуби од сериозноста. Излезе како проблемот да не е толку сериозен. Ние ќе формираме анкетна комисија, таа анкетна комисија исто така ќе работи 6 месеци како што работеше Анкетната комисија за Гостивар ќе направи еден извештај како што го направи Анкетната комисија за гостиварските настани. Тоа е многу смешна работа. Доколку ЛДП има поизворни информации, нека ги каже пред парламентот и ние како пратеничка група на Демократската партија на Албанците да знаеме, бидејќи ние навистина ништо не знаеме во врска со овој случај. Ако се бара нешто од нас, тогаш ние направивме голема грешка, бидејќи тогаш немавме, ниту денеска имаме претставници во Владата, ниту сме имале влијание во ниеден државен орган. А Вие како опозиција денеска треба да имате нешто поаргументирано во врска со овој настан, исто како што треба да имаат и социјалдемократите. Доколку знаете, тогаш кажете и без да се формира Анкетната комисија, овој проблем може да се расчисти. Како парламент ние можеме да преземаме други иницијативи и до надлежните органи, до Министерството за внатрешни работи, кој е најодговорен за оваа работа. Сега топката се префрла од една на друга страна. Не гледам дека нешто може да се направи. Затоа, јас го кажувам моето мислење дека овој парламент не може ништо да направи во врска со овој проблем. Кога не сме направиле досега, јас уште еднаш повторувам, а атентатот се случи во октомври месец 1995 година. Тогаш Сојузот функционираше многу добро. После 6 месеци Сојузот распадна. Имаше доволно време да направи нешто во врска со овој немил настан. Меѓутоа, не е направено. Сега сме при крај и да се формира Анкетната комисија, јас исто така мислам дека ќе се девалвира нејзината работа. Нема да успее господа, за толку кратко време да направи нешто. Таа ќе направи за 10 дена еден извештај, како што направи за гостиварските настани, јас сум убеден дека тоа може да го направи. Меѓутоа, не е фер, не е добро, не е

коректно за овој Законодавен дом, со таков извештај да излезе една анкетна комисија на која и го дал мандатот овој парламент.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас излегов за да Ве потсетам. Некој секогаш се раководи од она што Черчил своевремено го рекол: "Формирај анкетна комисија за да се замаглат поедини случаи".

Анкетната комисија што се формира пред 9 јули за настаните во Гостивар не би било сериозно претходниот дискутант тоа да го каже, тука и од неа маркетинг да води, токму пред идните парламентарни избори и со сета таа жештина, можеби и сила на аргументите би го докажал спротивното. Доколку се инсистира човек да седи и да наоѓа мана на сите оние што се потат на ужарено сонце, не би било чесно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ќе ви дадам збор, Ве молам.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Затоа има место доволно да се вклучат во таа комисија. Сите предложени од таа парламентарна група одбиваа, затоа што не сакаа да се соочат со вистината.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова не беше процедурална интервенција.

Ве молам, реплика господинот Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дискусијата на господинот Харуни не беше процедурална, туку беше чиста реплика. Меѓутоа, јас не сакам во овој случај да правам некој политички маркетинг, бидејќи јас сум свесен дека не е хумано, ниту мојот морал дозволува во таквите моменти да правам политички маркетинг. Но јас кажав тоа што е вистина. Треба да знае парламентот и јавноста, ние го добивме извештајот за работата на анкетната комисија за гостиварските настани. Јас констатирав дека на 9 јули во Гостивар имавме два смртни случаја, односно две убиства и третото убиство се случи некаде после 5 - 6 дена. Во врска со овие случаи немаше потреба да констатира самата анкетна комисија. Ова беше вистината за сите наши граѓани. Меѓутоа, јас од таа анкетна комисија која работела 6 месеци очекував нешто многу повеќе од излагањето на господинот Сејфедин Харуни кога беше расправата за гостиварските настани. Бидејќи, јас не сум информиран изворно за сите проблеми што се случија на 9 јули во Гостивар, исто така би го споредил проблемот со иницијативата на парламентарната група на ЛДП која предложи во парламентот да се формира анкетна комисија. Дали ќе се формира таа комисија, или не, ние уште расправаме, сосема е тоа друго прашање, меѓутоа, ако се формира, ако работи, исто како што работеше Анкетната комисија за гостиварските настани, јас мислам дека ќе ја девалвира секоја институција за работата на било која анкетна комисија во оваа земја. Јас како пратеник веќе нема да гласам за такви анкетни комисии. Тука нема зошто да се реагира. Господинот Сејфедин Харуни треба да се согласи со овие факти, со овие аргументи. Јас ги најдов овие аргументи во извештајот.

VIII/4/РД/МП

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сакам да Ве информирам дека извештајот за анкетната комисија за Гостивар ќе биде на следната седница на Собранието на 25 и ќе имаме можност по тоа да расправаме. Според тоа, на оваа седница е друга точка на дневен ред и по неа да расправаме.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Јас се извинувам што по втор пат се јавувам за збор, меѓутоа, дискусиите на господинот Туше Гошев и на Никола Поповски, бараат на одреден начин коментар за тоа што беше од оваа говорница кажано.

Прво, ние со предлог одлуката за основање на анкетна комисија, точно сме ја утврдиле и временската димензија на работата на оваа анкетна комисија и со членот еден сме потенцирале дека најдоцна за три месеци таа треба да даде извештај до Собранието, што значи дека воопшто не може да се мери со некаков вакум или период, за тоа овде се заговара дека сме во изборни активности. Според Уставот и Законот за избори се знае кога јавно почнува кампањата и таа е мериторно за тоа дали во тој период парламентот ќе биде во една пасивност. Но, никако не значи дека тој нема да работи и слично. Со истата аргументација дали се применува тоа и на работата на Владата, дали Владата веќе ги запрела сите активности, вклучувајќи ја и истрагата. Ние ги бараме овде министерот и премиерот од една многу логична причина. Бидејќи, не е точно дека парламентите постојат, за да носат само закони. Токму димензијата на контрола на извршната власт е нагласена функција на парламентите во светот. Парламентите не носат, како ние овдека по 200 закони во годината. Западните парламенти носат по 5 - 6 закони и расправите се водат долго по темите за тие закони. Према тоа, се извитоперува и иницијативата по основ на тоа зошто е сега покрената и второ, се извитоперува основот заради кој се бара да се формира Анкетна комисија. Ние не бараме за да кажеме кој е атентаторот. Тоа не

ни е нам работа. Ние со членот два од оваа одлука сме ги дефинирале, согласно Уставот, целите и задачите на Анкетната комисија, а таа се состои во утврдување на факти за преземени, односно не преземени постапки и активности на надлежни органи во текот на истрагата. Не можеме главата во песок да ја ставаме по одделни информации, расправи во јавноста, изјави на министри, околу целиот настан, околу поедини елементи од истрагата, во врска со експлозивот, во врска со активностите на некои служби итн. итн. Самите не наведуваат дека има простор една ваква анкетна комисија да се формира. Друго, да му објаснам на г-дин Никола Поповски, каде ние се разликуваме. Ако не се отвори расправа ние сме рамноправни политички субјекти во оваа држава. Зад вас стои армија, зад вас стои полиција, зад вас стои цел инструмент на обезбедување. Што стои зад нас како граѓани, како припадници на овој парламент. За разлика од господинот Никола Поповски, и други овдека, јас сум учесник на една под наводници нерасчистена сообраќајка. Не дај Боже некому да му се случи тоа и да го почувствува тоа што јас го почувствував. До ден денеска никој не ме повикал ниту постапката да ја видам, ниту изјава да дадам, меѓутоа, среќен сум што сум жив, му благодарам на господ и на судбината и не правам од тоа кампања. Но јас Ве предупредувам дека односот спрема атентатот е однос спрема секој од нас, према безбедноста и сигурноста на секој граѓанин во оваа држава. Ако мислите дека тоа е маркетинг, јас би се согласил и со тоа. Јас сакам да покажам, дека вие до изборите не сте спремни да се соочите со пропустите во истрагата. Зошто да не биде предмет на активност на една комисија во која секој ќе има право да партиципира во составот на истата.

Да ви кажам и еден факт, кој не сакав да го истакнам во вообичаена политичка комуникација. Господинот Стојан Андов во тоа време кога се даде иницијативата за првата анкета комисија се врати од кај претседа-

елот и кажа дека му ја соопштил нашата иницијатива, му ги кажал деталите, и дека за истото тој преземал обврска да поразговара со премиерот, односно со претседателот на СДМ. Негов коментар беше дека таа работа заеднички ќе ја тераме, иако, да Ве потсетам, во тој момент Сојузот за Македонија веќе беше растурен. Негов предлог беше, на господинот Стојан Андов да бидам како под варијанта јас предложен за таа комисија. Веројатно со информациите кои доаѓаа, полу информации од СДСМ дека нема да се прифати неговото учество за претседател на комисијата. Јас и тогаш Ви се заблагодарив и одбив да бидам претседател на таа комисија, токму од причините кои ме раководеа во овој парламент, а тоа е дека една политичка партија, односно парламентарна група не може да наметне одлука на друга парламентарна група, во смисла на одредување член, учесник во некое работно тело.

Према тоа, тоа беше првиот и основен мотив, а вториот кој го кажав беше чисто од човечки аспект, реков, дека тие што го направија атентатот се уште се на слобода, шетаат, не сум сигурен, со оглед на фактот што година дена порано го актуализиравме прашањето на Хардрок, кога исто така се случи разбивање на еден скопски локал, во кој од тогашните информации на истражниот судија, беа вклучени многу повеќе лица, не сум сигурен дека целите на тие луѓе нема да бидат само највисоката суверена власт, односно претседателот на државата, туку ќе бидеме подвргнати сите на еден таков притисок. Мислев дека тогаш беше правиот момент да се формираа таа анкетна комисија на начин на кој ќе се искористеше авторитетот на сите актери, кои длабоко сум убеден во моментот кога се случи атентатот ги направија очекуваните чекори во воспоставување на безбедносниот систем на Македонија и создавање консензус политички овдека со носењето на Декларацијата за осуда на атентатот. Мислам дека тоа беше насоката од тогаш па натаму откога можевме многу повеќе да помрднеме.

VIII/7/РД/МП

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Јас не знам од каде е потребата да се внесува толку жолчности и нервоза во настапите на одредени пратеници по анализите кои нашата пратеничка група ги направи за оваа анкета меѓутоа, без разлика на тоа, прво да се разбереме, не може критериумот, ако некој доживеал благодарение на госпoда сообраќајка, а на друг не му се случило да го издигне првиот на ниво дека тој подобро ги анализира работите во оваа држава, од овој вториот.

IX. 1 . - ЛП-ЉР

**НИКОЛА Г.ПОПОВСКИ:** (продолжение)

И уште да ја негирам тезата дека пратениците на СДСМ се заштитени од полицијата и армијата, како што беше кажано а дека ние, покажувајќи на оваа страна, сме целосно незаштитени, се разбира дека очекувам ваквата теза да биде аргументирана или повлечена. Во спротивно, ќе ја сфатиме како лапсус.

**ТИТ0 ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Станковски, по вторпат.

ВЛАДИМИР **СТАНКОВСКИ**:

Ете, гледате, нервози има и на двете страни. Барем јас така можам да констатирам. Јас немам желба да давам некакви заклучоци, меѓутоа, ќе прокоментирам одредени изјави и коментари.

Прво, околу пролонгирање на времето и дека Комисијата која се нуди односно предлогот на одлуката ќе треба уште еден месец па таа да се конституира итн. Тоа ја потврдува тезата дека вие не сакате да има комисија. Знаете зошто? Затоа што некои од вас веројатно не го читале текстот. Со текстот на одлуката ние предложивме членови на Комисијата и баравме од вас до оваа седница да се изјасните кои членови вие ги делегирате. Со тоа покажувате дека фактички сакате да го пролонгирате времето и да се вклопи во вашата шема дека тоа доаѓа пред изборите и дека тоа ние ќе го користиме за маркетинг. Тоа е една теза.

Друго, од некои излагања може да се насети, зошто да бараме сега пак, толку сме упорни, да формираме комисија која според мене би требало само да ги иницира и да ги открие пропустите на надлежните органи. Значи, оваа комисија ќе има за цел и да ги иницира органите поефикасно да работат. Што се сака со тоа, таа теза беше од социјалистите напомената, дека ние треба да се согласиме како што е пракса во светот

или пак како што е некое искуство дека треба 10години да поминат и да си го откриеме атентаторот а тогаш ние нема да бидеме тука, бидејќи знаеме каков распоред на сили веројатно ќе дојде. Значи, да се откажеме, да настојуваме и така по сила на природата ќе си се откријат самите, можеби и самите ќе се пријават ако немаме стручни органи да откриеме, можеби самите тие ќе се откријат.

Исто така, беше кажано дека целта е да се забошути истрагата. Забошутуваше на истрагата според мене значи нешто да се прикрие, а ние немаме намера со оваа комисија, или јас како еден од можните членови предложен за оваа комисија немам намера ниту мислам дека било кој од комисијата ќе забошотува или може да забошоти или да брише некои траги или некои материјални докази да уништува. Јас мислам дека комисијата ниту ги има тие компетенции, ниту ќе се стави во таква улога.

Уште еднаш ќе потврдам, бидејќи сум еден од предложените членови, доколку се согласивте да се предложат членови сега на оваа седница, Комисијата ќе си ја завршеше таа работа, за три месеци и точно ќе беше поднесен извештај. Јас мислам, не да се заобошоти истрагата, туку да се забошоти атентатот. Тоа е главната цел. Нам ни е цел ние сега до изборите, кои сметаме дека се и над некои работи околу атентатот и самиот атентат, да остане зад изборите и да го решаваат некои други. И да се избришат трагите, зашто вие очекувате и знаете, веројатно друга композиција на власт ќе биде по изборите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Ване Наумоски.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, ќе се потрудам да кажам нешто што досега не беше спомнато и ќе тргнам од членот 7 6 став 5 од Уставот,каде што вели, не од она што е предмет на работа на

IX/3. -

оваа Комисија или било предмет конкретно во случајот атентат, туку што се заклучоците односно наводите, па во членот 76 став 5 стои вака: "наодите на анкетните комисии се основа за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавните функции", потенцирам "на носителите на јавните функции".Знаеме во тој период кои беа и кои се носители на јавни функции, зачни како заклучок на сето тоа јасно произлегува дека Комисијата треба да му презентира на овој Парламент дали тоа ќе биде во јули или август, односно кога ќе ја заврши работата. Оценка за одговорност - оттука ќе тргнам па ќе се навратам на досегашната работа на комисии кои беа формирани во овој Парламент и наоѓам суштинска разлика меѓу оваа Комисија како предмет што треба да го работи и она што комисиите досега го сработиле или не го сработиле. Како пример да го земиме случајот Гостивар, јавните набавки,Бит Пазар и ред други. Се работи за случаи кои се во нашата држава со јасно дефинирани учесници, и едни и други, институции државни односно актери,каде што може согласно член 76 став 5 дас е утврди отровност и во едниот случај, и во другиот и во третиот. Овде се работи за случај кој не е завршен и се прашуваме сите и прашање е кога би се завршил, знаејќи ја тежината и инволвираноста на субјектите кои се во овој случај, односно во атентатот. Едноставно Комисијата не ќе може да извлече заклучок според ова што е

Втор аргумент, претседателот или членот што се прелага за претседател на оваа Комисија. Еден од тие, согласно овој член, и тој е носител на јавна функција, без разлика дали тоа е позитивно или негативно. Едноставно Комисијата ќе го даде одговорот дека нема инволвираниот или има инволвираност во таа работа.

Потоа гледајќи ја одлуката во првата реченица стои: "Комисијата се задолжува да соработува со надлежните институции и личности кои можат да помогнат во нејзината работа". Во незавршен случај како што е, едноставно Комисијата добива нова улога, тоа е паралелна институција на органите кои постојат во оваа држава. Тоа се Министерството за внатрешни работи, Министерството за народна одбрна, Министерството за правда и ред други кои можат да помогнат. Едноставно пак не е спојливо. Доаѓаме до моменти условно да речам на рушење на институциите во оваа држава, би рекол одмогнување.

Од тие причини сметам дека Комисијата нема многу да помогне, би одмогнала во моментот. Друго нема да дискутирам, ќе завршам со едно прање или ако сакате со една поставка: се прашувам што, доколку атентатот утре, односно извршителите на атентатот утре, а тоа утре нека биде година, месец, два или понатаму се откријат, дали позитивно ќе ја оцениме улогата на Министерството или не, на тогашниот министер.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Тоа што имав кажав во првото обраќање до вас, меѓутоа, чувствувам потреба неколку работи да прокоментирам.

Прво, еден од дискутантите кажа дека стана пракса во нашиот Парламент да се формираат комисии за се и сешто. Со тоа индиректно ја обезвреднува работата, односно го обезвреднува проблемот за кој треба да се формира оваа Комисија како минорен и безначаен, а тоа е случајот на атентатот врз претседателот на Републиката, затоа ито формулацијата се и сешто тоа значи. Моето мислење е дека има длабока суштина за формирање нам оваа Комисија, како што имаат

длабока суштина предлозите да се формираат претходните анкетни комисии во овој состав за јавните набавки и за случувањата во Гостивар и тоа е една од функциите за контрола од страна на Парламентот врз работата на работа.

Еден од другите дискутанти кажа дека со оваа Иницијатива предлагачите свесно сакаат да ја изместат законодавната функција на Собранието на РМ на некои други безначајни форми и активности. Би сакал да му кажам на тој господин и -на сите вас, дека паралелно со законодавната функција, Парламентот на РМ, согласно Уставот, член 68, има и многу други функции, а една од тие многу важни функции не знам која алинеја е, вели дека врши политичка контрола и надзор над Владата и на другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието. Значи, ако дословно го читаме и почитуваме Уставот, нема ништо спорно затоа што една од важните функции на овај Парламент е да ја контролира Владата и другите институции, односно јавни функции во државата.

Третото што сакам да го кажам е индиректното, претпоставувам не сакајќи од страна на пратениците од СДСМ признавање дека имало пропусти во водењето на постапката од надлежните органи за откривање на наредбодавателите и извршителите на атентатот врз претседателот на Републиката, затоа што од каде би извирал тој страв и таа спротивставеност да се формира оваа Комисија, ако вашите оценки се дека сите надлежни органи ги презеле сите неопходни мерки согласно Законот и прописите. Значи, стравот кај вас е од тоа непосредно пред изборите да не се утврдат некои пропусти и недостатоци во водењето на истрагата од страна на надлежните органи и тие да излезат пред јавноста, па тоа да ви засмета во пресрет на изборите.

IX/6. -

А што се однесува до вашето накалемување дека ние оваа акција сме ја темпирале непосредно пред изборите, би сакал да ви кажам дека ова што ние го правиме е една од можностите опозицијата да ја контролира преку Парламентот работата на Владата, а вие сте во длабоко попривилегирана позиција, затоа што сите институции кои се под контрола на Владата и самата Влада ќе функционира до последен момент и ќе може да се јавува како иницијатор и предлагач на инцијативи и законски проекти, кои ако се добри ќе одат во прилог на зголемување на вашиот рејтинг, па ние немаме ништо против ниту би имале ништо против, затоа што така е поставен политичкиот систем во Македонија да не зборувам за сите манипулации кои се правеа и веројатно што ќе се прават и во пресрет на следните избори, во стилот на пуштање на селски чешми, трансформатори, патни правци, дури патот Тетово-Гостивар во да наврати беше пуштен во употреба, дури го насамаривте и претседателот на Републиката по втор пат да сече лента, па никому - ништо. Сето тоа е злоупотреба во функција на изборите,а вие нас сега не обвинувате за нешто што се случува многу пред да почне изборната кампања.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-ѓа Митрева

**ИЛИНКА МИТРЕБА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас немам намера да ви го одземам вниманието со соопштување на елементи кои можат да бидат дел од некоја меморарска проза, меѓутоа, имам сериозна намера во неколку концентрирани пунктови да ги искажам своите забелешки кон дел од дискусиите што денес се случија овде.

IX/7. -

Веднаш да расчистиме, пратеничката група на СДСМ ја прифати иницијативата за формирање анкетна комисија и тоа е факт. Она што пратеничката група на СДСМ не го прифати, дозволете ми да внесам еден нов термин, тоа не толку фактот дека тука се случува евтин политички маркетинг, не е ниту толку фактор дека тука се случува манипулирање со една сериозна ситуација, туку фактот дека станува збор за едно невкусно жонглирање, за едно жонглирање кое што може да биде опасно. Од оваа говорница се искажа оценката дека сегашното одбивање на пратеничката група на СДСМ за формирање на анкетна комисија, кое што беше релевантно образложено од страна на координаторот г-динот Љупчо Поповски е практично тенденција да се забошоти атентатот. Мислам дека ова е една тешка оценка дозволете ми да ја коментирам.

Постои нешто што се вика теорија на кукавичино јајце. Знаете што прават кукавиците. Снесуваат јајце и потоа некој друг го лежи тоа јајце. Сакам да го поставам следново прашање: Ако јас обвинувам и навидум сакам да се открие вистината, бидејќи зад себе едновремено ги барам ингеренциите на судија и обвинител, тоа значи дека јас автоматски сакам да се амнестирам себе си, да се амнестирам и да бидам над секакво сомнение или како што тоа го кажува англиската судска пракса "бијонт еври сспишн". Јас мислам дека длабоката суштина на некои дискусии што се случија од страна на Либералдемократите или демократсколибералите е точно тоа, идејата да ја отстранат од себе било каквата референца за вмешаност за некој до настаните.

(Во меѓувреме претседателот Тито Петковски ја напушти салата и со седницата продолжи да раководи потпретседателот Блаже Филиповски )

IX/8. -

Затоа беа тука употребувани и елементи од случувањата во минатото и елементи кои се однесуваат на текот на истрагата, елементи кои се однесуваат на искази на поединци итн. Мислам дека е нужно, барем за нас кои што мислиме сериозно да се зафаќаме со политичка работа, понекогаш да читаме и политичка лектира. Ако внимателно се читаше "Нова Македонија" од понеделник, во која што беа објавени фрагменти од интервјуто на претседателот на Републиката дадено за Македонското радио, мислам дека ќе имавме комплетна слика, вредна анализа, зрела анализа на еден голем државник и мислам дека тоа требаше да ни биде појдовната точка во овие дискусии.

СДСМ односно неговата пратеничка група не само што не ја одби иницијативата која што ќе утврди на кој начин се водени елементите на истрагата околу атентатот, туку таа смета дека не е ни надмината потребата за формирање на таква комисија. Меѓутоа, во услови во кои некој навистина сака да се подигрува, можеби најсуштествените елементи од поновата историја на РМ, таквата комисија станува декласирана.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Г-динот Харуни има збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, исто и јад би рекол два-три збора по точката 24 од дневниот ред, за која што се сака да се преложи предлог на одлука за основање на анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за испитување на состојбите за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со извршениот атентат врз претседателот на Републиката г-динот Киро Глигоров.

IX/9. -

Тука следев многу дискусии во врска со овој настан и дискусиите ги имам поделено во две категории. Едни мислат дека со тој чин, со тој акт тоа е веќе завршено или пак ставено ад акта. Други дискутанти кои исто така сакаат да се формира анкетна комисија мислат, доколку се формира анкетна комисија на Собранието на РМ за испитување на состојбата во текот и резултатите од истрагата што се води во врска со атентатот врз претседателот на Републиката Г-динот Киро Глигоров, може да се направи сериозен почеток за расветлување на атентатот и истрагата. Оваа друга група што налага дека може да се направи сериозен почеток за расветлување на атентатот и истрагата во целина да не се сваќа дека се прави маркетинг и пред третите парламентарни избори, доколку налага сериозноста на самиот чин. Мене лично, кога би ме прашале дали и оваа Комисија што налага за сериозниот проблем конкретно да се воведе истрага после две и повеќе години, времето поминато досега, можеби - тоа е моето мислење, дека е најголем непријател за да се направи една сериозна работа и истрага во конкретниот случај. Сега да кажам и лично мислење.

X/1. - ПЈ-ВБ

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Лично мислам дека за претседателот Киро Глигоров и неговата личност, кога веќе дојде на кормилото на период на транзиција кога Македонија требаше повторно да се формира или пак вториот Илин- ден од 1944 година или 1991 година, сите и надворешни познати политички личности пишуваа за него дека во времето токму во Македонија е дојдена личност, која можеби на овој брдовит Балкан ќе направи она што треба да се направи.

Ние за кусо време во тоа се убедивме дека претседателот ни беше еден од балканските лидери, државници, еден од најумерените и тоа со светски глас. Заради тоа, сериозната личност и по истекот на толку време бара да се формира една сериозна анкетна ко- мисија за да се расветли целиот случај. Тука има многу и што да се каже. Таа анкетна комисија, која евентуално би се формирала, јас мислам дека ќе направи механизам како што направи анкетната комисија за случајот во Гостивар, механизам преку кого ќе ја контролира извршната власт. Не дека немало потреба за една таква контрола, тука може да се зборува и има место доста за извршната власт да се каже. Дали органите за безбедност покажале доволна спремност, дали ги преземале сите вистински мерки за тој гнасен чин од 3 октомври 1995 година и дали со сета таа нивна сериозност, како што тие себеси се сметаат за сериозни по оние прегледи на гаражи и од неа ништо, што значи се губи трагата. Или пак она нивното секогаш фалење дека државната власт, извршната власт кај нас конкретно, органите за безбедност, не дека се само на ниво на задача, дека соработуваат со другите разузнавачки центри во Европа и надвор од неа. Ако е тоа така, тоа нивно мислење а моето мислење не го делам дека е тоа така, тие ако не друго, барем за трагата на истрагата ќе кажам дека оттука можете тоа да го направите.

X/2.-

Затоа, би било ред, ако не друго анкетна комисија по овој сериозен настан треба да се формира. Јас би го лоцирал местото на извршните атентатори на овој гнасен чин таму каде што стратегиски Македонија им пречи на тие земји. Ако не друго, тука кога треба да се лоцира. Доколку се формира анкетната комисија, а јас мислам дека ни налага сериозноста на личноста и на претседателот на Република Македонија г-дин Киро Глигоров и не само тоа, туку и идни други сериозни настани кои би настанале, налагаат една сериозна анкетна комисија да се формира. И тој механизам на контролираше на извршната власт да биде постојан, заправо активиран. Инаку, се друго би било она што го рекол Черчил, формирај анкетна комисија, за да се замаглат и оние, што се кажува, траги од извршени дела.

Што се однесува на она што г-динот, да не му го спомнам името дека анкетната комисија за настаните на 9 јули во Гостивар, гледајќи дека тој извештај е само од четири листа, мисли дека ако е обемен, би бил содржаен. А, за самата содржина, можеби немал време да ја прелиста. Но, кога би ја имал содржината во себе, тој така не би смеел да се изрази. Допрва за ова ќе биде поголема и поширока дискусијата кога таа точка ќе биде на дневен ред.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Од настапот на другарката Митрева околу она со јајцата, околу она кукавички јајца подметнување на адреса на ЛДК ние не можеме да носиме кукавички јаја туку ние знаеме да оцениме кое е муќок, а кое е свежо. Ова се покажа пред скорешните избори во Битола, затоа што вие им подметнавте на многу таму листи на група граѓани, жени и активисти да бидат за вас. Тоа се кукавичките јаја на СДС. Онаа теза што сака да се пробие тука, не меѓу пратеници, туку во јавноста, тоа е тезата дека 10,

20 години атентаторите ќе се откриваат. Мислам дека овие господа живеат во дамнешните 60-ти години. Сведоци сме дека многу атентатори се фатени, на Реган, на Ицак Рабин, на Шварнадзе, така што ова не држи, ова е депласирано.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Добро, ние од нашата партија не се искажавме поодделно, бидејќи немаме ни конкретен став, мислам од пратеничката група, а ова што сакам да го кажам е лично мое размислување по однос на на поднесената одлука и иницијатива.

Мислам дека лично како пратеник од секогаш сум бил за одредени иницијативи и од одредени пратенички групи, партии, пратеници итн., се во интерес на она што викаме дека треба да бидеме некој контролен орган, ако може така да се каже, на извршната власт со единствена цел на некој начин да потврдиме како се извршуваат пози- тивни законско прописи и се она што е во рамките на Парламентот, со единствена цел да ја видиме практичната вредност на законот и злоупотребата или, да не кажам, паметното однесување кон законите. Меѓу- тоа, лично сега сум во една страшна дилема, јас како пратеник како да одлучам во смисла на тоа, заради сложеноста и барањето на одлуката во однос на целокупната постапка, која треба да биде обезбедена во утврдување на одредени факти и цели околу тоа дали тече истрагата, не тече истрагата, до која фаза е итн. Поаѓајќи од тоа дека, сепак, атентат е многу сложена појава и тука е цела една наука, а се бави криминологија, кримтехника, методологија, тактика итн., тоа се стручни работи во кои човекот треба

да навлегува многу длабоко, многу суштински и не случајно дијагнозата и лекарите не ја воспоставуваат ака лесно, бидејќи испитуваат многу факти. Во тој контекст кога ќе замислам сега се што треба да направи самата комисија во испитувашето на целите и задачите, се плашам дека само ќе го обезбедиме формалниот аспект во дадениот момент ќе формираме комисија, меѓутоа, самата комисија, заради временските можности и неможности верувам и сум убеден длабоко сум убеден дека не ќе може да си ја изврши задачите квалитетно, ниту воопшто да ја изврши задачата за да тоа и тоа го пренесе овде во Парламентот и да не запознае сите пратеници кои се тука присутни. Сега да не зборуваме за способноста или неспособноста на секој пратеник кој би бил член на самата комисија. Многу одговорно, многу детално да ги проучува проблемите и на крај да извлече одреден заклучок, кој има вредносна особина во себе, со единствена цел правилно да не информира нас, тука како пратеници, но и да ја информира јавноста во тек. Не случајно сега од самото поставено прашање во одлуката може да се констатира, дури и ние како пратеници не сме до- волно информирани за една ваква работа. Можеби и не треба да се информираме во една ваква фаза. Зошто? Па, заради токму сложеноста на атентатот како појава, како едно криминогено дејство на кое многу фактори влијаеле за да дојде до тој атентат и оние што го подготвувале имаат голема техника, методологија во остварувањето на атентатот и ние треба за сега да бидеме спремни со сите средства,да не кажам средства, методи, инструменти, кадровски, па материјални итн., за да влеземе во суштината на тој дел и да го откриеме.

Од тој аспект не сакам да ја преземам одговорноста, да кажам дека ќе формираме анкетна комисија заради тоа и тоа бидејќи на еден начин кажуваме дека Министерството за внатрешни работи и другите субјекти кои учествуваат во овој дел недоволно се ангажирале заради откривање

X/5.-

на самиот случај. Во тој контекст за мене, барем така сметам како пратеник, дека е поупатно, сепак да побараме некакви изворни податоци од Министерството аз внатрешни работи како информација, а не во детали, да не навлегуваме во детали, заради тоа што немаме ни право, дури тоа може да има и негативен бумеранг во однос на понатамошната истрага. Затоа што искуствата во светот зборуваат дека секој атентат е многу сложена појава и не случајно се открива повеќе време, значи, повеќе години и на крајот на краиштата дури има атентати кои воопшто не се ни откриваат.

Ја поддржувам иницијативата во делот каде вели дека "треба да се дознае дали активноста околу работата на Министерството за внатрешни работи е во една акција или имаме за поставување или некаква апстиненција". Во тој контекст јас лично, да ви кажам искрено, не би гласал за формирање на комисијата, меѓутоа би дал предлог Парламентот да побара една кратка информација и дури тогаш со самата информација можеби ќе потврдиме дека има можност за формирање на са- мата анкета. Можеби нема да ги задоволам индивидуалните, да не кажам, апетити и желби, сепак е едно мое размислување во контекст на овој предлог, заради тоа што сепак јас како пратеник сум тука присутен, кој треба да дигнам два прста и да кажам дали сум за иницијатива или не. Заради тоа што, сепак е едно мислење на една група на пратеници кои можеби доволно го испитувале проблемот, навлегле во суштината на проблемот и еве нашле за сходно да предложат една таква иницијатива. Меѓутоа, во спротивна ситуација јас како пратеник немам никакви информации. Сега замислете, јас формирам анкетна комисија да испитува нешто а можеби таму веќе има вредности, кои, да речеме, Министерството за внатрешни работи длабоко навлегло во позицијата на истрагата итн. Во тој контекст предлагам единствено ако може Парламентот и заради времето за да

X/6.-

бидеме информирани, а можеби некој друг состав на Парламентот ќе се бави за една ваква посериозна истрага за состојбите во однос на атентатот кој беше направен на нашиот почитуван господин претседател Киро Глигоров.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави г-дин Слободан Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа, се обидував сите дискусии по однос на оваа предлог-одлука да ги сфатам како нај- искрени и сите дека сакаат да придонесат кон една единствена цел, а тоа е колку што може повеќе да се разјасни причината, заради поднесувањето на оваа предлог-одлука од страна на Пратеничката група на ЛДП. Но, моето мислеше и мојот впечаток е следен.

Прво, сметам дека по одделни пратеници, посебно оние кои што не сакаат да ја поддржат оваа предлог-одлука а тој факт е дека атентатот врз претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров се случи коа сите ние овде 120 пратеници сме членови на највисокиот законодавен дом и на домот кој што треба да врши контрола над извршната власт во Република Македонија.

Оттаму, сакале или не ние мораме да кажеме дека и ние како пратеници, како членови на овој дом сносиме врз себе одговорност за состојбата која што се случува после атентатот врз претседателот на Република Македонија г-динот Киро Глигоров. Само оној кој што сака да ја закопа главата в песок, може да каже дека не чувствува ни- каква одговорност. Имено, овој парламент ја има контролната функција над извршната власт. Кажете ми нека еден стане на оваа говорница и нека каже, посебно оние што ен ја поддржуваат формирањето на оваа анкетна комисија, што направил и што придонел до сега во врска со расветлувањето на атентатот врз претседателот Глигоров. Јас би молел да не се дофрлува, дали е задача или не е задача, ќе покаже времето.

X/7.-

Од тие причини ние сакале или не, ако сакаме барем малку да го осветлиме образот пред јавноста овде да разјасниме неколку работи. Ние мораме да се соочиме со фактот, која што ќе ја има и улогата на Парламентот на Република Македонија во врска со атентатот. Сметам дека не смееме да дозволиме состојба онаква каква што ја имавме последниве десетина години. Имено, последниве десетина години, ако не повеќе, но еднаш месечно ќе излезат некои книги, мемоари на луѓе на високи политички функции кои што биле во Република Македонија од 1945 година наваму и ќе кажат, јас и една личност седевме на иста маса и во тоа време одлучивме вака и вака. Веднаш после една недела, две се јавува другиот, јас и една личност си седевме на една иста маса одлучувавме за Македонија, ама не беше како што рече тој, беше јас како што сега кажувам. Од тие причини, да не оставиме табу теми на генерациите што ќе идат после нас од причини да не придонесеме со пишување на такви мемоари, бидејќи сега веќе неполна година по атентатот некој пишува мемоари, јас вака мислам, онака мислам, ваму се одлучуваше, онаму се одлучуваше, да не им оставиме на тие генерации можност за делби и за кавги. Затоа, сметам дека треба онолку колку што можеме како Парламент да придонесеме во расветлување на тој

XI/1/НН/лј

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:** (продолжение)

Ако не повеќе можеме да придонесеме со тоа што со формирањето на оваа анкетна комисија ќе докажеме односно ќе укажеме на тоа дали одредени надлежни државни органи си ја вршеле работата како што треба или не си ја вршеле. Никој, ама баш никој не може да ја оспори улогата на парламентот што ја има во однос на тоа прашање. Основната наша задача е да вршиме контрола на тие државни органи, тие исти органи кои што ги бира овој парламент, тие исти органи кои што ги именува Владата на Република Македонија која што е избрана од овој парламент. Затоа сметам дека некои дискутанти погрешно ја читале предлогот на одлуката или воопшто не ја прочитале. Имено, зошто не ја прочитале.?

Неколку дискутанти од Социјалдемократскиот сојуз кој што овде сакаат да укажат дека овде не треба да формира велат дека ќе се успори темпото на истрагата, незнам како ќе се вршела истрагата. Прочитајте ја одлуката. Воопшто за анкетната комисија не е предложено да се занимава со чинот на атентатот. Анкетната комисија се формира во ова Собрание за да увиди и да укаже дали надлежните органи задолжени за состојбите во текот и резултатите на атентатот, дали ги вршеле истражните дејствија онака како што налага законот во Република Македонија и дали ги вршеле во рамките на своите надлежности што ги имаат. Ништо повеќе оваа анкетна комисија нема, ниту може, ниту е стручна да навлегува во тие дејства кои што се истражни таму каде што треба да си ги вршат други органи. Затоа, мене не ми е јасно зошто оние кои што ја оспоруваат оваа предлог одлука си земаат на себе товар дека тие се одговорни за состојбите од атентатот како што се сега. Вие сите сте сведоци, барем ние од парламентарната опозиција немаме информација, се надевам дека и вие немате, затоа што ако имавте ќе изнесевте во јавноста, сите сме сведоци дека немаме ни минимални

показатели за било какви резултати по однос на атентатот. Единствено ќе слушнеме од одговорни личности еве мене ми тежи тој проблем премногу, јас цел живот ќе си го носам тој проблем, и што можам ќе направам или пак, ќе се колни во бога дека се што може ќе направи , а фактички ние немаме никакви резултати. Ако вие имате тоа е друга работа.

Следната работа на која што сакам да укажам е тоа што овде од многумина дискутанти се рече дека се формираат анкетни комисии, не ги завршуваат работите. Јас сум претседател на една анкетна комисија ќе имате време да кажете колку сме ја извршиле работата или не сме ја извршиле работата, но да знаете дека сите ние овде во парламентот придонесуваме анкетните комисии да не ја завршат работата. Ек ви кажам зошто. Затоа што како парламент ја немаме изградено својата улога која што треба да ја имаме во Македонија. Јас сум убеден верувајте ми дека нас било каков закон да ни предложи Владата на Република Македонија и парламентарното мнозинство ќе го усвои. Затоа никогаш нема да ја добиеме онаа улога како пратеници, што како парламентарци треба да ја имаме. Водејќи ја анкетната комисија на една од радио емисиите еден новинар ми постави буквално едно вакво прашање: "Се чувствувате ли доволно безбеден за својата лична безбедност работејќи во оваа анкетна комисија", во Радио-спектар на Радио-Скопје Верувајте ми, додека работев од почетокот во анкетната комисија во- општо не помислував на тиа работи, но откако новинарот ми го постави тоа прашање веќе длабоко се замислив во себе. Ова сакам да го кажам, она што г-динот Никола Поповски велеше кој кого штити. Сега, ќе го прашам, штета што не е тука кога доаѓаше во Битола за локалните избори и кога ќе настапуваше на некоја од локалните телевизии Слободан Најдовски како пратеник не можеше да помине со колата по улицата пред таа телевизија затоа што ќе му речеа "Чекај треба да влезат одредени л

личности во телевизија" после ти ќе поминеш. Од истите тие луѓе јас не ги обвинувам тие полицајци што мене ми рекоа да не поминувам затоа што на нив им е така наредено, од истите тие луѓе кои што цела година не им се платени 50% од тие дневници и преку времени работи г-динот Поповски треба да каже дека јас поминувам и пратениците од Битола никој не не штити. Отидоа на куките на пратениците од Битола да маваат со камења, отидоа да ги каменуваат никој не отиде да ги заштити, но кога ќе дојде од Скопје, претставници на СДС има секој да ги штити. Во тоа е таа разлика кој колку го штити во Република Македонија.

На крајот, би завршил со следново. Јас незнам зошто Социјалдемократскиот сојуз е против оваа одлука. Ќе ви го кажам следново. Велите дека е ова маркетинг дека оваа комисија нема ништо да заврши. Еве ќе се согласам дека ништо нема да заврши. Бидејќи нема да заврши направете си вие сега ваш маркетинг бидејќи Либералнодемократската партија, пратеничката група предлага да се формира комисија таа на себе ја презема одговорноста за функционирањето на Комисијата.

Второ, либерално демократската партија односно пратеничката група на Либералнодемократската партија предлага претседател на анкетната комисија. Значи, оваа пратеничка група презема врз себе уште една одговорност дека ако не ја заврши успешно работата целиот товар ќе и се врати нејзе. Ако е така зошто тогаш не се прифаќа оваа анкетна комисија. Или пак, не сакам да навлегувам во тоа јас да ги анализирам причините зошто пратениците на Социјалдемократскиот Сојуз се против оваа комисија. Изгледа на крајот ќе дојде во јавноста тоа дека плашејќи се од резултатите на анкетната комисија не сакаат да се формира анкетна комисија.

XI/4.-

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денеска немав вака намера да се јавувам за дискусија односно бев во една мала дилема затоа што прво после атентатот на претседателот на државата кое се случи пред три години како што знаете после неколку дена бев единствен дискутант после излагањето на вашиот претседател на вашата Влада, меѓутоа, токму од претседавачот на тогашниот состав на парламентот, дури при крајот на моето излагање па и ме прекина не треба за тоа. Е треба, и тоа како гледаш како треба и денес, после три години да се зборува за тоа, затоа што нема резултати. Се изврши атентат врз првиот човек на државата и беше изјавено дека дури се знае, го знаат и името, меѓутоа, тој што го рече тоа, побегна од одговорноста и сега веќе на таа функција на чело на полицијата не е . Меѓутоа , се знае судбината на досегашните анкетни комисии. Лошо завршија. Некои не се јавија воопшто со извештај некои слабо работеа меѓутоа, иако се знаат нашите позиции и нашите односи и со оваа страна и со ЛДП како пратеници излегов на говорница токму поради вистината, и овој пат да ја кажам така како што јас мислам.

Па, непостои парламент во светот кога ќе се изврши атентат врз првиот човек на државата, врз претседателот на Републиката, а неговите ставови према нашата партија, према мојата партија, Демократ ската партија на албанците, према албанците воопшто се знаат и се знае како се гласало, дека албанците не гласале за нив, меѓутоа, поради хуманоста, поради вистината па нема смисла без оглед на тоа какви се целите на овие предлагачи, што и доцниме. Беше еднаш предложено да се оснива таква комисија, па е одбиено. Зошто? Затоа што инсистираат на чело на таа анкетна комисија да биде нивни човек, бивши претседател на Собранието и шеф на партијата. Што има врска тоа кој ќе биде на чело. Основно е тоа дали треба да се даде некој допринос колку толку, колку е овластена оваа анкетна комисија.

Или пак другата страна, зошто сега е доцна тоа да се прави тоа се прави за политички маркетинг па не држи и тоа. Има уште 6-7 месеци до крајот на мандатот на овој состав. Па, што има врска тоа. Да се направи оваа комисија, има време, може би за еден месец може да ја обави работата. Тие законски рокови уставни ќе се земат во предвид, кога почнува со работа, што треба да поднесе, кога треба да биде на дневен ред, се е тоа поврзано, меѓутоа има време колку сакате. Тука се крие, нешто друго.

Ако другите проблеми за кои беа основани и во првиот состав на овој парламент и во овој во кој сум и јас член во овој дом, за среќа и за жал беше многу тешко, многу замаглено да се расчистат. Според мое мислење и длабоко уверување токму за овој проблем многу полесно да се направи нешто, ако не се, тогаш до некаде да се дојде. Да бидеме на чисто. И вие од оваа страна и предлагачите, па и ние сите од оваа страна имаме индиции. Имаме индиции и тоа како. Не е се тоа така замаглено. На крај нека ја земат одговорноста, јас ќе ги бранам денеска овие кои се може би и повеќе против нас и против мене отколку вие од оваа страна, затоа што вие играте повеќе, поголеми политичари сте зарем не, но сепак може би поискрени. Меѓутоа, дајте нека бидат тие членови сите, и вие ќе бидете слободни да организирате кампања. Нека изгубат тие доста време, но тие може би ќе откријат нешто. Се знае и една друга работа. Тогашниот нивни претседател на Собранието по Уставот од атентатот веднаш беше и негов заменик, значи беше на чело на државата, претседател на државата и на сите други комисии совети за одбрана итн. Нормално е дека тој сноси, како и вашите членови некоја одговорност, меѓутоа може да се исклучи затоа што Комисијата ќе треба, а сигурно дека ќе треба да разговара и со него. И тоа е точно, сега да ве бранам вас, тоа е така. Меѓутоа како и да е неможам да го сватам тоа да

XI/6.-

било кој член во овој дом да крене рака, значи јас против основањето на оваа Комисија. Зошто? Затоа што цела Македонија ама до еден и македонци и албанци и другите сакаат да се откријат инспираторите и организаторите и извршителите. Значи, ако ние сега не сме затоа нешто да се направи, па било што, па и нека пропадне ако треба и работата и резултатите на оваа комисија, но поголеми шанси има отколку било која досегашна комисија, ви гарантирам за тоа, тогаш да се види дека сме за тоа да се откријат сите тие актери кои стојат позади овој атентат. Сега што? Затоа што имате мнозинство, предлогот доаѓа од една друга партија, или група помала, лесно е да се каже нешто дека тоа и тоа нема основа, неосновано е и може да се гласа против. По мое мислење оваа комисија каква и да е нека е, ако не сте согласни, н о не смеете, должни сте, морате да гласате сакале или не, инаку земате одговорност на себе. И така имате одговорност како владејачка партија за основање на оваа комисија. Друго е тоа кои ќе бидат членови. Дурого е кој ќе биде претседател, дали ќе биде точно тој за кој инсистираат, тука тие имаат пропусти или пак да речеме да биде од некоја и помала пратеничка група, нека биде и од мојата, јас не би се зафатил, немам ни време, не затоа што не сакаме да се открие, сакаме, меѓутоа, ми е тешко можеме да дојдеме до тие луѓе, до тие органи кои се одговорни, за кои и ние како и вие се сомневаме, па да немаме резултати тука. Не, ние сме способни пратеници, имаме некои сознанија, знаеме и ние нешто, се посомнева на 5-6 лица, јас гарантирам меѓу нив, за кои има индиции , да не речам 100%, затоа што тогаш треба да кажеме пред јавноста кои се тие, туку 99% тука е и тие знаат исто така дека ние тоа го знаеме. Тоа ќе оди со години вака, и се мисли дека после ќе се заборави. Затоа, и да биде и од мојата парламентарна група пратеник ќе направи нешто и вие исто така морате да гласате. А може да биде и од вашата партија, од вашата парламентарна група. Да се предложи еден од вас, мнозинство имате и дајте вие сега или ќе откриете или ќе прекинете. Па и тоа е

точно зарем не. Затоа сум за тоа да се разговара, да се основа да. Јас во мое име кажувам дека ќе гласам за комисијата. Без оглед на тоа каква и да е се согласувам со составот со другите, со партиите, кои ќе предлагаат свои членови во таа комисија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес по одлуката.

Давам пауза од 30 минути, затоа што немаме доволен број пратеници во салата за да одлучуваме.

(Пауза од 15,50 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Бидејќи е заклучен општиот претрес, отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по тн Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (16 пратеници)

Кој е против? (31 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласаше? (6 пратеника)

Констатирам дека Собранието не ја донесе одлуката за основање на Анкетна комисија на Собранието на Република Македонија за испитување на состојбите за текот и резултатите од истрагата што се води во врска со извршениот атентат врз претседателот на Републиката.

(Реакција на пратениците во салата во врска со тоа дали има кворум).

Бидејќи има забелешка, Ве молам, колку пратеници се присутни.

63 пратеници се присутни, со дополнително што влегоа уште двајца. Значи имало 61 пратеник кога гласавме. Сега има 65 пратеници. Значи има кворум за работа.

XII/2.-

За 48-та точка, тоа е, Извештај за работа на Комисијата за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање во периодот април 1996 до април 1997 година ни е потребно дво-третинско мнозинство за гласањето за затвореноста на седницата. Бидејќи сега не сме во состојба, немаме друг избор, освен оваа точка да ја одложиме за наредната седница кога претпоставувам ќе се создадат услови за да можеме да гласаме за таква одлука на Собранието.

Предлагачите и Владата инсистираат да имаат таков степен на доверливост.

Седницата прекина со работа во 16,35 часот.